## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Сто триесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 април 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Сто триесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љупчо Мешков, Аднан Ќахил, Андреј Жерновски, Соња Лепиткова, Абдулади Вејсели, Коста Прешоски, Љубе Бошковски, Никола Груевски Петар Наумовски, Али Ахмети, Фазли Велиу, Агим Џелили, Хусеинџеват Хусеини, Мендух Тачи, Љубчо Георгиевски и Слвица Станковска ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Почитувани пратеници, на седницата поканети се претседателот на Република Македонија и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав заради избор на составот на Државната изборна комисија.

Бидејќи предлагам предлгот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки, а за тоа треба да се гласа, а има 43 потпишано и подигнати картички, значи во духот на традицијата која што ја воспоставивме во задниве неколку месеци објавувам пауза до 11,30 часот.

(По паузата)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Присутни се 62 пратеника.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 65 пратеника, 57 гласале, 57 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

**Предлог на одлука за избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија.**

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 68 присутни пратеници, гласале 57, 57 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на точката од дневниот ред - **Предлог на одлука за избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Согласно член 27, став 5 од Изборниот законик, Одлуката за избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија, Собранието ја донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Господине Халими, повелете процедурално.

**Илјаз Халими:** Благодарам господине претседателе,

Пред да преминеме на разгледувањето на точката од дневниот ред, барам еден час пауза, бидејќи имаме предлог за измена на составот на членовите на Државната изборна комисија.

Барам Комисијата за избори и именувања да има седница за овој час и да дојдеме со конкретен предлог. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Да го чуеме господинот Каме Петров, како предлагач.

**Каме Петров:** Благодрам господине претседателе,

Со оглед на овој факт, ги известувам членовите на Комисијата за прашања на изборите и именувањата дека денес во 11,45 минути во сала 4 ќе одржиме редовна седница. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со седницата во 12,45 часот.

(Пауза до 12,45 часот.)

(По паузата седницата продолжи во 12,50 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата, а службите да го утврдат бројот на присутни пратеници.

(По утврдувањето на бројот од страна на службите).

Благодарам. Во салата е присутен 61 пратеник.

Преминуваме на претрес по текстот на Одлуката.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата поднесе амандман на член 1 алинеја 1-в, со кој се предлага наместо Џемаил Саити да биде избран Илјаз Ибиши и тој е составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Пратениците Силвана Бонева, Ристана Лалчевска, Ефтим Манев, Илија Китаноски, Ѓорѓе Паљошковски, Илија Србиновски и Ганка Самоиловска-Цветанова поднесоа амандмани на точка 1 алинеја в), по кој предлагачите не се произнеле.

Отворам претрес по амандманот на член 1 алинеја в) поднесен од пратениците Силвана Бонева, Ристана Лалчевска, Ефтим Манев, Илија Китаноски, Ѓорѓе Паљошковски, Илија Србиновски и Ганка Самоиловска-Цветанова под архивски број 07-1671/1, со кој се предлага наместо Снежана Калеска за член на Државната изборна комисија да биде избрана Сузана Салиу.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да се произнесе.

Има збор господинот Каме Петров.

**Каме Петров:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Стојаноски, имате збор.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван господине Јордановски, почитувани колеги пратеници,

Ова што се случува на денешнава седница за избор на Државна изборна комисија е логична последица на недоследноста на ова Собрание и донесувањето на Изборен законик, кој што не е спроведлив и кој што создава проблеми.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојаноски, ве молам зборувајте за амандманот.

**Блаже Стојаноски:** Не е дигресија ова, зборувам зошто се поднесува амандманот. Значи ако се поднесуваат амандмани...

**Љупчо Јордановски:** Зборувајте во прилог или против амандманот, односно за амандманот. Ќе има расправа и по Одлуката потоа.

**Блаже Стојаноски:** Зборувам во прилог на тоа дека немаше потреба да се доведеме во ситуација со амандмани да се избира состав на Државната изборна комисија. Зборувам токму за ова што се случува сега и затоа се јавив за збор не за да зборувам за имињата и презимињата кои што се менуваат или се сака да се менуваат, туку за парламентарните избори оваа година, нивниот легитимитет и легитимитетот на органите кои што треба да ги спроведат.

Со овој амандман се признава недоследноста на една политичка партија, заедно со недоследноста на друга политичка партија во однос на концепирањето на составите на изборните органи. Не е можно Комисијата за прашања на изборите и именвуањата од 34 или 37 предлози да каже 7, во моменти кога претходно за време на траењето на огласот некои други надвор од овој Парламент се договараат за составот на Државната изборна комисија. Тоа значи дерогирање на позицијата на овој Парламент, изместување на позицијата на Македонското Собрание како носител на одлуките и законите и преминување на решавање на овие прашања надвор од ова Собрание во некои други политички или не знам какви други центри.

Ние не се согласуваме како ВМРО-Народна партија со тоа и затоа морам да истакнам дека принципиелниот став кој што го имаме од самиот почеток при донесувањето на Законот за избор, односно Изборниот законик, ќе го почитуваме, ќе останеме доследни во однос на тоа прашање и затоа велам дека ВМРО-Народна партија бара ова Собрание да избере професионална, непартиска, непристрасна самостојна Државната изборна комисија која ќе биде согласно препораките на Набљудувачката мисија на ОБСЕ, која што ќе биде согласно препораките на странските амбасади во Република Македонија и на тој начин да покажеме дека сакаме да создадеме вистински услови за фер и демократски избори.

Ова што се случува сега е само продолжение на пазарот кој што се правеше меѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ и сега:

**Љупчо Јордановски:** Ве молам, ова е втора дигресија и ве молам, зборувајте за амандманот, инаку ќе ве прекинам. Дали овој амандман го прифаќате или не, од тој аспект зборувајте.

**Блаже Стојаноски:** Продолжението на пазарот се пренесува во овој Парламент. Онаа страна која што не е задоволна со овој амандман се обидува да направи измена за да биде задоволна, а од друга страна самата учествуваше во именвуањето на партиски претседател на Државната изборна комисија и самата учествуваше во поставувањето на членови во изборните органи од страна на политичките партии и нарушување на принципот на департизација на изборните органи.

Затоа, го замолувам овој Парламент, ве замолувам сите вас како пратеници во овој Парламент да имате предвид дека изборот на Државната изборна комисија не е само од значење за СДСМ и ДПМНЕ, туку е од значење за Република Македонија, за граѓаните на Република Македонија и нивната иднина.

Затоа, апелирам да се направи Државна изборна комисија, во која ќе имаат доверба сите учесници во изборите, а пред се оние кои го остваруваат и активно и пасивно правото на глас, а тоа се полнолетните граѓани на Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Не разбрав дали ќе го подржите или нема да го подржите амандманот.

Господине Караџовски, процедурално, повелете.

**Жарко Караџовски:** Господине претседател, се јавувам процедурално од името на пратеничката група на ВМРО-Народна партија.

Бараме еден час пауза, а образложението е следното:

Ние, почитуван претседателе и почитувани колеги, мислевме дека денес треба да гласаме за состав на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија, нешто што сметавме и сметаме уште и сега дека беше договорено меѓу претседателите на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, нешто за кое се потроши цело време, не знам колку време и двајцата претседатели излегоа со изјави, од кои изјави толкувавме дека постои некаков договор, со аспект на тоа дека овој состав на Државната изборна комисија треба да се гласа со двотретинско мнозинство.

Сега оваа седница почна со еден куп амандмани, почнувајќи од Предлогот на Комисијата за избори и именувања, а сега во меѓувреме, само што влеговме, на продолжението добиваме

амандмани со кои се менува целата структура, целиот состав на Државната изборна комисија, освен претседателот на Државната изборна комисија, односно кандидатот за претседател на Државната изборна комисија, што јасно упатува на тоа дека пратеничката група на ВМРО-Народна партија очигледно треба да изгради дополнителен став како да се однесува. Тоа е едно.

Второ, овој час пауза, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ и претседателот на СДСМ да седнат уште еднаш и нека го продолжат оној договор кој го започнаа, нека се усогласат што сакаат и што предлагаат, а не да си играме како што си играме, затоа што имаме сериозна работа и ако сакаме избори како што се најавуваат во првиот термин во јули, тоа треба да биде усогласено, а не овде да се надмудруваме со одредени кандидати кој е понезависен, кој е повеќе партиски и т.н.

Заради сите овие причини, барам еден час пауза.

**Љупчо Јордановски:** Објавувам еден час пауза и еден час за ручек.

Продолжуваме во 15,00 часот.

(Пауза од 13,00 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,00 часот).

**Љупчо Јордановски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседтеле, нема никој во салата.

**Љупчо Јордановски:** А зошто треба да има? Повелете, зборувајте.

**Силвана Бонева:** Добро, ќе се обидам накратко да образложам зошто пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Либералната партија го поднесуваат овој амандман на Предлог-одлуката која се нуди за избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија.

Сметаме дека кандидатот Снежана Калеска, адвокат од Скопје, не ги исполнува условите предвидени кои беа дадени во членот 27 став 1, точка 2, а условот е следен: да има високо образование и најмалку 8 години работно искуство во правната област, во политичкиот и изборниот систем.

Од биографијата која е приложена се гледа дека госпоѓата Снежана Калеска има работено како самостоен референт за застапување, од април 1988 година како правен советник во тимот на претпријатието за производство, инженеринг и монтажа на челични конструкции ФАКОМ од Скопје.

Понатаму, од 1992 година се запишува во именикот на адвокати на Република Македонија, специјалистички испит има за застапник на право од индустриска сопственост, сертификат за успешно завршена специјалистичка обука за адвокати од областа на човековите права, меѓутоа, никаде во биографијата нема дека има 8 години работно искуство во областа на правниот и политичкиот систем.

Од тие приини, ценејќи дека сите ние како пратеници на Република Македонија треба да ги почитуваме законите кои самите ги носиме, а Изборниот закон туку што помина низ собраниска процедура и нема потреба да потсеќаме дека еден од условите кој се бара некој да биде член на ДИК е да има 8 години работно искуство во политичкиот и изборниот систем.

Овој собраниски состав, бидејќи тој го донесе Законот односно Изборниот законик, треба да го почитува и од тие причини наместо "Снежана Калеска" предлагаме од кандидатите кои се пријавија на огласот кој беше распишан, наш предлог е да биде "Сузана Салиу" да биде член на ДИК, бидејќи ги исполнува законските услови предвидени со членот 27 став 1. Еден од најважните услови е тоа дека има 8 години работно искуство во политичкиот и изборниот систем.

Само ќе потсетам дека има работено 8 години како заменик народен правобранител на Република Македонија, мандатот и престанува на госпоѓа Сузана Салиу на 30 јануари 2006 година и мислам дека е тоа доволно што е кажано во нејзината биографија за да сфатиме дека законскиот услов кој се бара со членот 27 став 1 точка 2 го исполнува и од тие причини бараме Собранието на Република Македонија да го поддржи овој амандман, во спротивно, доколку не биде поддржан ќе покаже дека оние пратеници кои ќе гласаат против овој амандман ќе покажат дека не го почитуваат правото во Република Македонија, не ги почитуваат законите кои самите ние пратениците треба не само да ги носиме, туку и да ги почитуваме. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Китановски, имате збор.

**Илија Китановски:** Благодарам господине претседателе, само накратко образложение за овој амандман.

Целта и намерата на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за предлагање на овој амандман беше да се исправи процедуралната и суштинската поддршка која се направи во Комисијата за избори и именувања каде Комисијата воопшто не ги разгледа сите кандидатури прво од правен аспект, односно од еден најлогичен аспект дали сите кандидати кои конкурирале ги исполнуваат законските услови. Секој училишен одбор во било кое училиште го прави прво на еден обичен конкурс и за директор и за прием на наставник, а ние како Комисија за избори и именувања на највисокиот законодавен дом во Република Македонија тоа не го сторивме и практично го прекршивме членот 27 став 1 од Законот кој ние го изгласавме и во кој децидно стои дека предложените кандидати односно кандидатите на конкурсот мора да бидат со најмалку осумгодишно работно искуство во правото и тоа во областа на политичкиот и изборниот систем.

Од она што го имавме како увид во документацијата и во сивито на кандидатите и на предложената кандидатка Снежана Калеска, апсолутно не постои никаков документ од кој може да се заклучи дека именуваната ги исполнува овие услови односно го исполнува условот содржан во членот 27 став 1 да има осум години работно искуство во изборниот и политичкиот систем.

Од тие причини со останатите 36 кандидати кои се пријавиле на огласот, сметавме дека една од личностите која ги исполнува е предложената госпоѓа Сузана Салиу затоа што самата нејзина вокација и она што го доставила како биографија, како писмен документ, како работно место кое го вршела како заменик на Народниот правобранител само по себе имплицира познавање на политичкиот систем и сметаме дека од законска гледна точка апсолутно треба да се придржуваме до законите кои сме ги донеле овде во Парламентот, посебно што овој Закон е многу тазе донесен, нема ни месец дена навистина загрижува ако на овој начин вршиме избор на кандидати кои основниот законски услов кој за секој оглас или конкурс за вработување треба да го исполнат, а овде се работи за избор на членови на ДИК.

Настрана фактот што политичката партиската припадност, сега овде зборуваме чисто од формално правна причина и суштинска причина, а тоа е неисполнување на законските услови.

Од тие причини сметам дека навистина треба да се поддржи овој амандман затоа што пораката во случај на неподдршка, пораката што ја праќаме до граѓаните е дека прво не се почитува Законот во Парламентот кој пред месец дена овде се изгласа од страна на пратениците. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Присутни се 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен гласале 51 пратеник од кои 12 за, 5 воздржани, 34 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 алинеја в), поднесен од пратениците Силвана Бонева, Ристана Лалчевска, Ефтим Манев, Илија Китановски, Ѓорѓе Паљошковски, Илија Србиноски и Ганка Самоиловска-Цветанова под архивски број 07-1671 /2 со кој се предлага наместо "Александар Новакоски" за член на ДИК да биде избран "Сотир Костов".

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на избори и именувања да се произнесе.

Има збор господинот Каме Петров.

**Каме Петров:** Од истите причини амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе, добро е што стигна и почитуваниот колега Каме Петров да се изјасни од името на Комисијата за избори и именувања, што не беше случај за претходниот амандман.

Мора да потсетам дека Комисијата за избори и именувања не ја почитуваше процедурата, не ги разгледа сите пристигнати апликации по огласот кој беше распишан, не ги зеде во предвид кандидатите кои ги исполнуваат условите, согласно Изборниот законик, посебно не ги зеде во предвид посебните услови дадени во членот 27 став 1 точка 2 кандидатите да имаат високо образование и најмалку 8 години работно искуство во политичкиот и изборниот систем.

Оттаму ни се случи да добиеме предлози за членови на ДИК кандидати кои не ги исполнуваат законските услови. Наместо да бидат селектирани уште во самата Комисија за избори и именувања, тие поминаа како предлог на Комисијата и се даваат овде пред Собранието на Република Македонија.

Од причини што е згазен членот 27 став 2 односно не е исполнет бараниот услов од Законот, бараме кандидатот "Александар Новакоски" да се замени со кандидатот "Сотир Костов", еден од кандидатите кои уредно имаат доставено документи по огласот до Комисијата за избори и именувања. Мора да потсетам дека господинот Александар Новакоски нема доволен број на години искуство во изборниот и политичкиот систем.

Во биографијата на господинот Александар Новакоски стои дека професионално искуство има од 1991 до 1993 година како адвокатски приправник, од 1993 до 2002 година како адвокат во сопствена канцеларија во Скопје, од 1997 до 2001 година член на Комисијата за надворешна соработка при Адвокатската комора, од 2001 до 2002 година член на Управниот одбор на Адвокатската комора на Република Македонија и претседател на Комисијата за односи со судски и правосудни органи, значи, до 2002 година нема ниту една година искуство во изборниот и политичкиот систем.

Од 2002 година до денес има искуство од оваа област, меѓутоа, недоволен број години како што бара Законот и бидејќи овој Парламент го носеше ваквиот услов, го стави ваквиот услов во Законот, мора да ги потсетам дека има и други кандидати кои поднесоа сопствени апликации и од нив сите ние можеме да видиме дека тие ги исполнуваат условите и затоа барам да се поддржи Стир Костов да биде член на ДИК наместо господинот Александар Новакоски, од причини што господинот Сотир Костов има огромно искуство од областа на политичкиот систем и изборното законодавство. Има работено на повеќе места во

Општинското јавно обвинителство како приправник, потоа Општествен правобранител на самоуправувањето, потоа во Собранието на Општина Кочани, во Министерството за правосудство и управа во Одделението за општа управа, како самостоен адвокат и најважното на парламентарните избори 1991 година бил член на Избирачки одбор, парламентарни и претседателски избори 1994 година овластен претставник во Општинска изборна комисија Кочани, локални избори 1996 година член на Општинска изборна комисија Кочани, парламентарни избори 1998 година овластен претставник во Општинска изборна комисија, во периодот од 1999 до 2002 година бил избран за член на Државната комисија за избирачки список избран од Собранието на Република Македонија, локалните избори 2005 година бил овластен инструктор за избори и изборни кампањи, значи од приложеното што го има во биографијата може да се види дека има повеќе од 12 години работно искуство во изборниот систем и околу 22 години во политичкиот систем.

Од овие причини пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Либералната партија предлагаат да не биде срам за овој собраниски состав отфрлањето и на овој амандман, бидејќи кандидатот ги исполнува законските услови, ќе ги молам почитуваните колеги да размислат пред да го притиснат гласачкото копче, бидејќи токму парламентарното мнозинство ги дефинираше ваквите услови во изборното законодавство.

Штом е веќе составен дел на Изборниот законик, ги повикувам почитуваните колеги да го почитуваат Изборниот законик на Република Македонија и да гласаат за прифаќање на овој амандман, бидејќи кандидатот ги исполнува предвидените услови наспроти членот што го има предложено Комисијата за избори и именувања кој не ги исполнува условите предвидени со Законот и Огласот кој беше распишан. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Томиќ барате збор или реплика?

Повелете три минути.

**Зоран Томиќ:** Сосема накратко, бидејќи станува збор за критериуми, а да беше некој друг а не Александар Новакоски би можеле да дискутираме дали се исполнети условите од членот 27. Ова што почитуваната колешка го предлага со амандманот, само не ја кажа главната причина. Ве молам колешке Бонева да ми одговирите само на едно прашање дали е точно дека кандидатот што го предлагате на местото на Александар Новакоски, покрај оние критериуми кои убаво ги прочитавте, доби и еден Прашалник од ВМРО-ДПМНЕ за промена на работното место или за место за кое е заинтересиран, па меѓу останатото му побаравте опис на работното место за кое е заинтересиран, дали е државјанин, помеѓу останатото, ма да тоа спаѓа во некои општи услови, дури побаравте и возачка дозвола и тоа која категорија вози, понатаму се бараше дата на зачленување во ВМРО-ДПМНЕ, неговите функции во ВМРО-ДПМНЕ како и периодот на нивното извршување, досегашните активности, контактите и познанството со некои видни интелектуалки и интелектуалци од ВМРО-ДПМНЕ.

Доколку е тоа точно, јас сметам дека е најпаметно амандманот да го повлечете.

**Љупчо Јордановски:** Една минута госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Вакви инсинуации од страна на колегата јас не знам навистина за што зборува.

Господинот Сотир Костов кој го предлагаме, го предлагаме од листата на луѓето кои се имаат пријавено овде, не предлагаме партиски член ниту пак овој човек е член на ВМРО-ДПМНЕ. Значи, строго водевме сметка да го почитуваме она за што се залагавме. Строго да го почитуваме Законот кој вие најповеќе инсистиравте да биде таков, да биде деполитизирана изборната администрација, да нема партиски претставници внатре и токму од тие причини предлозите кои ги даваме се такви почитуван колега.

Господинот Сотир Костов не е член на ВМРО-ДПМНЕ ниту бил член на ВМРО-ДПМНЕ, туку ги исполнува условите кои се бараат со Законот.

**Љупчо Јордановски:** Господине Макрадули реплика?

Повелете три минути.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, јас сметав дека овој час пауза пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го искористи да ги повлече сите амандмани, бидејќи не само што тоа не е дел од договорот со што уште еднаш се покажува несериозноста и начинот на кој што ДПМНЕ ја сфаќа и како се однесува овде во Собранието на Република Македонија, но и надвор од него, туку со неаргументирани амандмани сака да направи уште едно одолговлекување на целиот овој процес, иако декларативно надвор од ова Собрание устите им се полни дека сакаат порано да одат на избори.

Согласно Уставот и член 53 адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со Законот. И не случајно овој член се наоѓа во Глава 3 односно гаранции на основните слободи и права. Што значи по дефиниција адвокатурата влегува во политичкиот систем. Но за жал, како магистар по технички науки јас морам на човек со виша правна да му го објаснувам тоа. Но мораме, тука сме во Собранието и да ги соочиме аргументите и морам и тоа да го цитирам и да укажам на граѓаните на Република Македонија дека уште еднаш се манипулира со ова Собрание. Се одоговлечува целиот изборен процес и напорите и заложбите за приближување на Македонија кон Европската унија. Трагично е, уште еднаш ќе нагласам ова што се случува и што сме сведоци

денес за сите прилики или за сите можности пратеничката група на ДПМНЕ можеше тоа да го направи на собраниската комисија но тоа не го направи, туку сега ја користи јавноста и оваа собраниска говорница уште еднаш да ја залаже македонската јавност и наводно да каже дека нешто не е во согласност со изборниот законик за кој што ние не ни знаеме дали го гласале, или не го гласале, бидејќи 12 пати излегуваа и влегуваа во оваа собраниска сала.

Согласно член 27 став 1, не е повреден овој Предлог и навистина е трагично и жално што вака се манипулира и со личностите, оние кои се предложени и оние личности кои вие ги предлагате и со граѓаните на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Една минута реплика госпоѓа Бонева.

**Силвана Бонева:** Трагично е тоа што вие мислите дека може да се договарате со било кого да се кршат законите во Република Македонија. ВМРО-ДПМНЕ не учествува во никакви договарања за кршење на законите во оваа држава. Ние покажавме дека доследно го почитуваме она што го донесовме во овој Парламент, иако не се согласувавме. Доставивме непартиски предлог за претседател, професионалец од државната администрација и тоа го бараме и од вас почитуван колега, а не да ги згрижувате вашите партиски војници без оглед на тоа дали ги исполнуваат условите предвидени со законот, или не. Тоа е трагично за Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Господине Јордановски, јас не знам зошто претставниците на СДСМ и ДПМНЕ не замараат овде во ова Собрание. Нека седнат во клубот на пратеници, нека се договорат и нека кажат кој ќе биде составот на Државната изборна комисија и да заврши расправата по овие амандмани. Вака само слушаме кој, што договорил, дека договорил вака, или договорил онака. Меѓутоа, никој не зборува за законитоста на ова што се прави. Ние имаме член 27 точка 3 каде што се вели дека Комисијата за избори и именувања на Собранието на Република Македонија подготвува Предлог листа од пријавените кандидати и ја доставува до ова Собрание. Ние Предлог листа добивме во вид на одлука на Комисијата за избори и именувања. Во неа се наведени предлозите и дописите од страна на ВМРО-ДПМНЕ за претседател на Државната изборна комисија со потпис на партискиот претседател и на СДСМ за Субхи Јакупи со потпис исто така на претседателот на СДСМ. Оние други што претставуваат членови на Државната изборна комисија се предложени од страна на Комисијата за избори и именувања и се наведени во Одлуката која што ние ја имаме добиено. Јас ќе ве прашам, дали ние овде добивме како пратеници листа од пријавените кандидати, или Предлог листа за избор на кандидати на Државната изборна комисија. И врз основа на тоа да зборуваме дали се почитува членот 27 од Изборниот законик за кое што уште тогаш укажувавме дека ќе направи големи проблеми. И ќе ве потсетам уште еднаш дека ВМРО Народна партија не гласаше и за огласот за распишување на избор на членови и претседател и заменик претседател на Државната изборна комисија токму заради овие причини, затоа што сметавме дека таа процедура остава огромен простор за вакви недоследности кои што ќе создадат процес во градењето на доверба во Државната изборна комисија од страна на сите нас тука во Парламентот, а да не зборувам надвор од овој Парламент, затоа што имаме и вон парламентарни политички партии, а пред се тука се граѓаните на Република Македонија кои што треба да имаат право да бидат бирани и да бираат. Затоа сметам дека овие амандмани кои што се поднесени од ДПМНЕ, а кои што се предмет на дискусија и од СДСМ не претставуваат ништо друго, туку начин за замајување на македонската јавност и девалвирање на легитимитетот на Државната изборна комисија. Ова што се предложи и што се предлага уште во самиот Изборен законик, зборувам и за избирачките одбори и за претседател и заменик претседател на Државната изборна комисија, а сега исто предлагањето на членови на Државната изборна комисија дефинитивно значи партизација на Државната изборна комисија притоа со напуштање на основниот концепт кој што требаше да биде прифатен, а тоа е професионална, непристрасна, независна, департизирана Државна изборна комисија.

Ќе ве потсетам дека на овој начин како што е предложено ДПМНЕ прифаќа и ова му е алиби, овие амандмани претставуваат алиби на ДПМНЕ за согласноста која што ја дадоа 4 члена од Државната изборна комисија да бидат претставници на позицијата и на тој начин Државната изборна комисија да може да спроведува избори во интерес на владеачките политички партии, затоа што четирите гласа се секогаш повеќе од трите гласа кои што ги има опозицијата во Државната изборна комисија. Сметаме дека враќањето на принципот кој што го предлагаме за професионална, непристрасна и департизирана Државна изборна комисија може да биде единствен начин за спроведување на фер и демократски избори.

Апелирам до ДПМНЕ да ги повлече овие амандмани, апелирам до Владата да направи департизирана, непартиска и самостојна Државна изборна комисија во која што ќе имаме доверба сите учесници во изборниот процес. Се друго претставува само нарушување од старт на можноста за реализација на фер и демократски избори во Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика госпоѓа Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитуван колега Блаже Стојаноски, пред да кажувате невистини во овој Парламент дека ВМРО-ДПМНЕ се договорил со СДСМ да има 4 претставници на власта во Државната изборна комисија, најпрво треба да го видите записникот од Комисијата за избори и именувања и да видите како гласал членот на ВМРО-ДПМНЕ во таа Комисија и дали не сме се спротивставиле за однапред сервирањето на готова одлука без да бидат разгледани поимено кандидатите кои што доставиле сопствени апликации и документи за тоа дали ги исполнуваат условите, или не. Значи, ВМРО-ДПМНЕ благовремено реагираше и заради тоа поднесовме амандмани, затоа што беше изиграна процедурата од страна на Комисијата за избори и именувања и не беше почитуван Изборниот законик.

Член 27, целиот буквално не беше почитуван од страна на Комисијата за избори и именувања.

**Љупчо Јордановски:** Една минута, господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Па имате еден проблем. Проблемот е што не го прифативте нашиот предлог за департизација и деполитизација на целокупниот изборен процес за избор на Државната изборна комисија и општинските изборни комисии, избирачките одбори по пат на ждрепка од државна и јавна администрација. Сега самите вие велите дека претседателот на Државната изборна комисија сте го предложиле од државната администрација и тоа било аргумент зошто тој бил непристрасен. А ние тоа го предлагавме за сите органи, а вие се спротивставувавте на тоа. Јас навистина не можам да ве разберам. Истите аргументи еднаш ги кажувате на еден начин кога ви одговара, а друг пат сосема на друг начин. И она што го зборуваме во контекст на составот на Државната изборна комисија само е рефлексија на она што го баравте за избирачките одбори со по еден член од позиција и опозиција. Сега власта си именува свои членови. Вие се задоволивте со претседател на Државната изборна комисија и тоа е тој договор.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика за господинот Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам претседателе.

Господине Блаже Стојаноски, навистина џабе ви е што се жустрите овде во Парламентот и што се надмудрувате со ВМРО-ДПМНЕ. Цело време се обидувате да докажете овде кој соработува со СДСМ, кој направил дил со СДСМ. Значи, ситуацијава да не беше комична, ќе беше трагична. Кажете, еве ве прашувам вас и нека кажат од ВМРО-ДПМНЕ, ако ви пречи СДСМ овде во салата додека ја водите вашата препирка и дискусија кој повеќе соработувал и се договарал со СДСМ, да излезат пратениците на СДСМ од салава, на раат да ве оставиме да се расправате меѓу себе. Мислам навистина малку треба да се контролирате во дискусиите и преку грбот на СДСМ да не водите дневна политика и партиски маркетинг. Тоа се ваши проблеми помеѓу Народна партија и ДПМНЕ.

**Љупчо Јордановски:** Една минута, господинот Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Господине Кондарко, јас не знам во овој момент дали се слободни просториите на клубот на пратеници, меѓутоа ако излезете вие, ќе треба да излезат и претставниците на ДПМНЕ за да се договорите уште еднаш. Јас тоа ви го предлагам. Појдете таму, договорете се и дојдете тука изгласајте си и на тој начин немојте да кажувате дека ние требало да се договориме, а вие со прст покажувате кој бил опозиција, кој не бил опозиција. Вие си ја одбравте опозицијата која што вам ви одговара, затоа што факт е дека она што го правите е избор на послабиот противник.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине претседателе.

Прво, колегата Блаже излезе, но веројатно ќе ме слушне и во холот. Јас ќе го замолам во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да се обраќа до пратениците на ВМРО-ДПМНЕ и до партијата онака како што е нејзиното име, затоа што до вчера беше член на истата таа партија. И навистина жално и смешно делува кога постојано го потенцира тоа.

**Љупчо Јордановски:** Господине Китаноски вие имате збор, а не реплика. Зборувајте по амандманот.

**Илија Китаноски:** Значи, околу принципиелноста и околу тоа кој колку е принципиелен и кој што се договарал, преговарал, заговарал итн. Мислам дека во тој филм нема да влегуваме, во тој филм што одамна го играат некои тука. Ако зборуваме за принципи, тогаш принципи значат прво почитување на законот. Не е битно во време на дискусијата околу Изборниот законик, воопшто не е битно кој за какво решение се залагал. Тој закон е донесен и треба да го почитуваме сите. Значи, никому не му дава за право, ако некој од колегите го гласал тој закон, сега да го прекршува, или другиот колега ако не го гласал тој закон, да не постапува по него. Значи, се работи за принцип и за почитување на законот.

Инаку, околу договори и преговори поврзани со Законот и со овој амандман треба да биде јасна само една работа. Единствено за претседателот на Државната изборна комисија и за заменик претседателот има одредба во Законот. Значи, ќе повторам, во Законот има одредба на кој начин се врши негово предлагање и негова согласност и негов избор. Значи, само тука се инволвирани најголемата опозициона и најголемата позициона партија и наведени се во Законот. За останатите членови во Законот стои дека треба да бидат непартиски, дури и да не бидат членови на тела и органи на политичките партии и најмалку да бидат експонирани партиски личности и да ги исполнуваат законските услови. Во овој случај не е исполнет ниту законскиот услов, ниту

политичкиот, или моралниот, значи да не се експонирани членови на политички партии. Значи, дискутираме за она што го пишува во Законот, а не кој за што се залагал.

**Љупчо Јордановски:** Господине Китаноски, член на политичка партија е неморален? Значи, по ваша логика член на политичка партија е неморална личност.

**Илија Китаноски:** Претседателе, не ми вадете реченици од контекст, ве молам и не ми упаѓајте во збор. Или одземете ми го зборот, или оставете ме да довршам.

Значи, во Законот стои дека предложените кандидати не треба да бидат членови на органи на политички партии. Со самото тоа законодавецот, предлагачот, а со тоа и законодавниот дом кој што го прифатил тој закон се знае на што мислел, да не бидат тоа истакнати, или општо познати на јавноста партиски луѓе. Овде имаме баш таков случај. И едноставно се крши и словото и духот на Законот и на намерата што се сакала да се постигне за која што овде еден најголем дел од пратениците го зборуваа тогаш во време на донесување на Изборниот законик, а сега и сите тие кои што се залагаа за тоа, полна уста им беше за департизирана Државна изборна комисија, сега под форма на департизирана едноставно ја партизираат и тоа само од партиите на власт.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика господинот Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе. Јас навистина можам да разберам, сто пати изречена лага наеднаш ќе стане приемчива вистина кај граѓаните. Но, за среќа прочитана е работата, само што овој пат нема солзи, туку има неаргументирани обвинувања. Значи, согласно Уставот, повторно ќе повторам, во Главата 3, гаранции на основните слободи и права, член 53, адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со законот. Така што како и да ја вртите работата, по дефиниција адвокатурата влегува во политичкиот систем, а да не зборуваме за ангажманот во изборните органи што стои во биографијата.

Втора рабоа, во член 27 пишува, да не е член на орган на политичка партија. Не знам како сега ДПМНЕ тоа го чита, да е видлив и доминантно препознатлив и истакнат. Не. Изборниот законик што ДПМНЕ повторно ќе кажам, не знам ни дали го гласаше, бидејќи 73 пати излегуваа и влегуваа во салава. Пишува да не е член на орган на политичка партија. И тука добро знаеме што значи тоа член на орган на политичка партија. Да не манипулираме со јавноста. А најмалку господинот Китаноски може да зборува за морал во ова Собрание, најмалку може тој да зборува за морал овде и да ги навредува луѓето со достоинство и со чест што работеле и овде што се предложени од Комисијата за избори и именувања, најмалку можете да манипулирате со други личности. Гледајте зошто ден после Карпалак на вашиот претседател сте му продале два стана, односно на неговата мајка. Тоа е неморално, а не ова што го правите тука.

**Љупчо Јордановски:** Една минута реплика господинот Китаноски.

Најдобро би било да ги стишиме страстите.

**Илија Китаноски:** Ќе мора да ги стишиме страстите и нема да се спуштам на нивото на господинот Макрадули за негова жал и нема да ги коментирам последните гнасотии што изнакажа.

Само сакав да дообразложам една работа која што и претходно ја спомна господинот Макрадули, зошто овде наводно сме правеле театар, а на Комисија тоа не сме го направиле. Токму на Комисијата за избори и именувања чиј член сум и јас ни беше оневозможено и мене лично како член на Комисијата ми беше оневозможено да ги предложам и да ги образложам овие амандмани наводно заради тоа што веќе тие биле поднесени на пленарната седница, а Комисијата заседаваше во прекинот на оваа седница.

Инаку, најмалку што за морал и за морални вредности треба да зборува ...

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски имате збор, повелете.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Ние денеска и пауза побаравме и еве пробавме и преку дискусијата на господинот Стојаноски да укажеме на нешто за да ја скратиме оваа мака. Меѓутоа, очигледно е дека не се разбираме. Јас морам да потенцирам дека и овој амандман, значи предлогот како што е пишан во амандманот, па и сите оние други кои што се поднесени од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не можам поинаку да ги наречам, освен сеење на магла, со една единствена цел освен за дефокусирање и на јавноста и на сите нас овде. Некој пратеник овде спомна дека ние треба нешто да докажуваме, па дури спомна пратениците на СДСМ да излезат за да ние докажеме сега со ВМРО-ДПМНЕ кој е на кој став.

Значи, нема потреба да докажуваме кој со кого се договарал и колку СДСМ се договарал со ВМРО-ДПМНЕ. Ние немаме потреба од докажување. Тоа е ноторен факт. Бидејќи е ноторен факт, цела јавност го знае нема потреба од вакви амандмани и да се сее магла и да се дефокусира јавноста, да се направи овде циркус од тоа дека сега произлегува дека ние ништо не сме се договориле, а две недели ја замајуваме јавноста буквално што рекол Бучковски, што рекол Груевски, дали се усогласиле, дали не се усогласиле. Според тоа ние нема да наседнеме на таквите трикови како пратеничка група и затоа зборувавме и за Изборниот законик и сега за апсолутна професионализација, за она што сега некој е во контра ставови.

Значи, да ги следиме сите потези, па и на пратеничката група на СДСМ и на ВМРО-ДПМНЕ, сите овие денови слушаме се и сешто, ќе напуштиме седница, нема да гласаме, ќе бараме

поединечно гласање за да дојдеме до амандмани, цело време се води некоја дефокузација од главниот проблем. Дајте нека ни ги скратат маките барем нас како пратеничка група на ВМРО-Народна партија, нека се повлечат овие амандмани, не ни е потребен циркус и да преминеме на одлуката, да ја гласаме, да се изјасниме за неа така како што е предложена. Не сега да се правиме кој колку учествувал во партизација, кој колку не учествувал и колку и како се договарал.

**Љупчо Јордановски:** Маките можеме да ги скратиме ако не учествуваме во расправата по амандманите. Предлагачите нека си го кажат своето, а пратениците ќе гласаат по амандманите.

Госпоѓа Бонева повелете една минута, ве молам.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега Караџоски ние воопшто не сееме магла. Ние се обидуваме да го исправиме она што го погреши Комисијата за избор и именувања, да се почитува словото на Законот, барем вие сте свесни дека тоа го правиме и нема потреба од други ваши кажувања, јасно е тоа дека две недели договарањето, како што вие велите помеѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ беше само и исклучиво за то тоа дали предлогот на ВМРО-ДПМНЕ за претседател на ДИК, кој што ќе биде професионалец, човек кој што не припаѓа на ниедна партија ќе биде прифатен од СДСМ. Првиот предлог беше одбиен, вториот предлог беше прифатен од сите. Тоа беше договарањето, а не кои ќе бидат членови на ДИК.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски ајде послушајте го апелот на господинот Караџоски, бидете краток.

**Алаксандар Флоровски:** Значи, работава дојде да се биде или да не се биде, она хамнителското прашање кое многу често се поставува. Да ви кажам искрено, сега се наоѓам пред една голема дилема слушајќи го координаторот на пратеничката група на СДСМ, господинот Макрадули од една страна, од друга страна координаторот на ВРМО-ДПМНЕ госпоѓата Бонева и впечатокот дека некој мати вода, дали тоа е господинот Макрадули, или госпоѓата Силвана Бонева незнам, но дека постои договор, а спомна господинот Макрадули дека таков договор веќе сте постигнале и тој договор е олицетворен во ставовите на Комисијата за избор и именување чиј претседател е господинот Каме Петров.

Текстот кој го добивме претпоставувам дека е правен во согласност и со вашиот претставник, господинот Илија Китановски и денеска, ви кажувам просто, изненаден сум што значи ова сартомортале, нудење на амандмани за промена на членови на Комисијата.

Инаку, во старт знаете дека таа Комисија се состои од 7 члена и дека мнозинството го има денешната владеачка гарнитура, но што беше поентата на вашата подршка во таа смисла незнам, затоа што само претседателскиот глас не носи два гласа, туку претставува еден глас. Како да вртите, како да ја сучите работата мнозинство во таа Комисија ќе има денешната владеачка гарнитура.

Колку за ваше сознание верувам дека знаете што сакам да кажам.

Кога говориме за принципи мојот почитуван колега Илија Китановски говореше за принципи. . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски не реплицирајте, зборувајте за амандманот ве молам.

**Александар Флоровски:** Па, за амандманот зборувам.

Господинот Китановски. . .

**Љупчо Јордановски:** Не, не. Дали имате нешто против новиот предлог, против амандманот.

**Александар Флоровски:** Ви кажав јас дека не ги прифаќам амандманите.

**Љупчо Јордановски:** Првата дигресија истече, повелете.

**Александар Флоровски:** Претседателе! Ама господинот кој го спомнавте беше член на Комисијата за избор и именувања. Тој вели дека денеска на самата Комисија. . .

**Љупчо Јордановски:** Ама, вие се јавивте за реплика господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Ова е во контекст на овој амандман, Александар Новаковски . . .

**Љупчо Јордановски:** Тоа ќе го кажете кога ќе продолжиме по текстот на одлуката.

**Александар Флоровски:** И, да продолжам уште минута ако ми дозволите, затоа што дозволивте овде да се говори и она што значи амандманска расправа, дозволивте и да се даде политичка оценка. Според тоа, ако имате за другите посебен аршин, за Флоровски немате исти третман да си седнам, да не дискутирам, да излеземе, најдете си 81 глас. Ако немате 81 глас повикајте членови од Уставната комисија да ви направат кворум, нека ви го изгласаат ДИК. Тоа ли е вашата поента.

Сметам дека сеуште сум пратеник . .

(Некој од пратениците од место- да сме живи и здрави).

Здрави и живи да сме, Господ нека дава здравје прво, значи не се работи за дигресија, се работи за констатација која што е сериозна, затоа што господинот Каме Петров не му овозможи на господинот Китановски да даде сопствени видувања на она што значат денешни понудени амандмани, вклучително и амандманот за промена на Новаковски со господинот Сотир Костов, кои ги почитувам. Всушност, ги почитувам и едниот и другиот. Претпоставувам се добри правници, колку се партиски определени воопшто тоа не ме тангира. Ако сум убеден дека мојата политичка партија има рејтинг до 30% што има да се плашам јас од ДИК ако народот ја дава довербата. Сигурен сум во победата. Нема шанси ДИК да промени ништо ако за

политичката партија на која припаѓам гласаат 50.000 гласачи и добијам 50 и повеќе пратеници. Што е срамот?

Значи, кога говориме за принципи, и тука ќе завршам за да бидам до крај јасен и принципиелен, господинот Китановски говореше за проницпи, господине Китановски принципите кај вас се умрена работа. Ги заборавивте тие што од Кичево ве донесоа во Скопје, ги заборавивте тие што ве игонаурираа за прв човек на јавни претпријатија, им го свртевте грбот, тука не се работи ниту за принципиелност, ниту за лојалност. Вие кои се колневте во некогашниот лидер на ВМРО-ДПМНЕ, господинот Ѓорѓиевски, прв му го свртевте грбот. Не е тоа ниту принципиелност, ниту лојалност, туку се тргнува по онаа народната "од тој што сте јаделе леб, вие му враќате со камења".

И, да не ја отворам работата, да не ја ширам немојте да ми говорите за принципиелност, за лојалност, за почитување и припадност. Денеска таму каде што припаѓате за жал не устанало ништо од генетскиот код наречен ВМРО. Денеска сте една технократска групација која едвај гледа да дојде на власт. . .

(господинот Флоровски продолжува да зборува а претседателот на Собранието го прекинува)

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски, напите се вода, освежете се и седнете, завршивте.

**Александар Флоровски:** Што е ова, "Добра вода", или "Горска".

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски благодарам.

Господинот Каме Петров како предлагач има збор, повелете.

**Каме Петров:** Благодарам претседателе,

Бидејќи бев прозван редно е да кажам неколку зборови особено околу нагласувањето на принципиелностите и непринципиелностите или непочитување на законски прописи итн.

Мене не радува фактот што овде веќе се разголи работата. Се разобличи до тој правец што апсолутно видливо е дека амандманите што се поднесени од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и на ЛП фактички се депласирани и затоа не се прифаќаат.

Или, ако ги докрајчиме работите, или ги поедноставиме работите произлегува дека ВМРО-ДПМНЕ се жали за партизација, а од друга страна настојува нејзиниот предлог за претседател на ДИК да биде и сите други членови да бидат на нејзин предлог, што е апсурд. Тоа никаде го нема. Одтука се зборува дека целата постапка е спроведена законито и зад неа ние стоиме како што е предвидено во изборниот законик и затоа овие работи се тотално депласирани. Немојте веќе така.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Бонева, за реплика три минути.

**Силвана Бонева:** Најпрвин, принципиелно би било од господинот Флоровски да го почитува Законот.

Второ, сите ќе бевме поштедени од вакви невистини кои што беа искажани доколку пратениците го имаат Извештајот од работата на Комисијата за прашања на избори именувања. Јас пред мене не видов, ниту пак пред колегите до мене има поделено ваков Извештај од кој ќе можеше господинот Флоровски јасно да прочита дали пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ на Комисијата за прашања на изборите и именувањата гласала, или на што се согласила со ваквата Предлог одлука која што беше сервирана пред да биде почитувана процедурата и Законот.

**Љупчо Јордановски:** Повелете една минута господине Флоровски за реплика.

**Александар Флоровски:** Јас се извинувам госпоѓо Бонева, јас не знам за која невистина говорите што јас сум ја искажал. Јас само прашав господинот Макрадули говори една работа, вие ја негирата таа работа. Мене многу ми е жал ако вашите лидери, господинот Бучковски и господинот Груевски не ве информирале за што се договориле, и како треба да се однесувате. Значи, не се работи за невистина и оние поскули и памфлети кои нон стоп овде ги фрлате воопшто не ви палат.

Втора работа, се извинувам претходно заборавив да кажам околу вашиот предлог за госпоѓата Најчевска и ќе ви спомнам само една работа. 2001 година беше гласноговорник против македонските одбранбени сили, вклучително против сите оние кои застанаа на браникот на Република Македонија и нејзината неделивост и целовитост, Вие предложивте човек кој апослутно нема ништо со македонскиот . . .

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете три минути реплика господине Китановски.

**Илија Китановски:** Благодарам господине претседател,

Уште еднаш сакам да појаснам за она што господинот Каме Петров, претседател на Комисијата за избор и именувања го праша сега после целата оваа расправа се видело дека нашите предлози и нашите амандмани биле безпредметни односно без аргументи. Јас мислам обратно. Дури сега се виде дека она што се случи на Комисијата за избор и именување беше преседан кој што не смее да се повторува, посебно не за избор на државна изборна комисија, а најмалку на таков начин каков што беше и на првата седница и на денешната која што се одржа помеѓу прекините на оваа седница, каде што буквално ми беше оневозможено да го кажам односно да ги предложам амандманите кои што овде ги предложивме и кои што се аргументирани и кои што се засноваат исклуччиво само на непочитување од страна на Комисијата на мнозинството од таа Комисија на Законот кој што овој Парламент пред месец дена

го донесе. Тоа е принципиелно, тоа е држењње на став и за тоа треба да дискутираме, а сите други приказни од типот ти реков ми рече ќе ги оставиме за надвор. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута контра реплика господине Петров.

**Каме Петров:** Претседателе, се обидувам да не оговарам во стилот ти реков ми рече и затоа се обидувам некои работи . . .

(господинот претседател се обидува да го прекине во дискусијата)

Сакам да кажам дека господинот Китановски имаше две можности на две седници на Комисијата да го слушаме 90% од целокупното време, а сите преостанати 12 луѓе да зборуваме 10%тоа време.

Втора работа, нека го научи Деловникот, ние постапуваме по Деловникот.

Нивните амандмани што денеска беа поднесени веќе се во Собраниска процедура, а не во процедура на Комисијата.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавено за збор го заклучувам претресот по амандманот и ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(некои пратеници влегуваат во салата)

Благодарам.

Сега имаме 71 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 70 пратеници, од кои 18 за, нема воздржани и 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 алинеја 2, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Ристана Лалчевска, Ефтим Манев, Илија Китановски, Ѓорѓи Паљошкоски, Илија Србиновски, Ганка Самоиловска-Цветанова по архивски број 07-1671-3 со која се предлага наместо Александар Гаштевски за член на ДИК да биде избран Вјекослав Ангеловски.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да се произнесе.

Повелете господине Петров имате збор.

**Каме Петров:** Благодарам господине претседателе.

Амандманот од истите причини кои што претходно ги образложив не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавено други за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 72 пратеника, од кои 17 за, двајца воздржани, 53 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 алинеја 2, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Ристана Лалчевска, Ефтим Манев, Илија Китановски, Ѓорѓи Паљошкоски, Илија Србиновски, Ганка Самоиловска-Цветанова под архивски број 07-1671/4 со кој се предлага наместо Тања Алтанџиева за член на ДИК да биде избрана Нада Бајрактаровска.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да се произнесе.

Има збор господинот Каме Петров. Повелете.

**Каме Петров:** Благодарам господине претседателе.

Амандманот од истите причини не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓо Бонева имате збор, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Уште еднаш ќе ги потсетам колегите кои што треба да гласаат за прифаќање или неприфаќање на овој амандман. И овој амандман го доставуваме со една единствена цел, да биде почитувано словото на законот односно членот 27 став 1, посебно алинеја 2 и 3 каде што се вели дека кандидатот треба да има високо образование, а најмалку 8 години работно искуство во политичкиот и изборниот систем и да не е член на орган на политичката партија.

Кандидатот Тања Алтанџиева која што досега беше заменик министер за локална самоуправа нема доволен број на години работно искуство во изборниот и политичкиот систем и во исто време таа е и член на политичка партија. Во тоа можевме да се увериме сите пратеници кога го отворивме веп сајдот на СДСМ каде што јасно се кажува дека таа е член на орган на политичка партија.

Значи, од тие причини ја предлагаме госпоѓата Нада Бајрактарова, судија во Основниот суд во Струмица како член, кандидат за член на ДИК од причини што таа е докажан професионалец и го поседува потребното работно искуство сво сферата на правната област.

Од биографиите кои што ни се доставени јасно се гледа дека во политичкиот и во изборниот систем госпоѓата Бајрактарова има 16 години работно искуство како претседател на општинска изборна комисија и претседател на општинска изборна комисија 16 години при некогашниот Социјалистички сојуз на работниот народ на Македонија, а од 1996 година наваму е претседател на Општинската изборна комисија Струмица за спроведување на локалните избори со мандат од 4 години.

Таа не е член ниту на една политичка партија и нејзин орган. Од тие причини ја предлагаме госпоѓа Бајрактарова, која во исто време била и

општински општествен правобранител, да биде прифатена како кандидат за член на Државната изборна комисија. Ако тенденцијата ни е, повторно ќе кажам, вклучување на професионалци кои се непартиски припадници односно кои не се членови на органи на политички партии и кои имаат искуство во изборниот и политичкиот систем, мислам дека треба да биде прифатена госпоѓата Бајрактарова како соодветен член на Државната изборна комисија, која ги исполнува сите предвидени законски услови. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господо Ќуркчиев, имате три минути реплика.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван претседателе, јас навистина сум импресиониран од тоа како колегите од ДПМНЕ за толку краток период се досетија на ваков начин да опонираат на денешната расправа. Претпоставувам дека и кога законот би предвидувал сите членови на Државната изборна комисија, не само да ги предлага, туку и директно да ги именува соодветниот партиски орган на ДПМНЕ, тие пак би биле незадоволни и повторно би реагирале, вака како што реагираат денес.

Следејќи како се однесуваат по било кое прашање поврзано со изборниот процес, не сум убеден дека би им било погодено и во случај Собранието да донесе одлука дека тие веќе се и победници на овие избори.

Што се однесува до ВЕБ-сајтовите кои се спомнуваат и до предлогот за нов член на Државната изборна комисија, сакам да кажам дека Тања Алтанџиева не е член ниту на еден партиски орган на СДСМ. Апсолутно не е точно дека не ги исполнува условите. Напротив, од 1998 година учествува во изборните процеси, како член на општинската изборна комисија.

Инаку, што се однесува до предложениот кандидат Нада Бајрактаровска, судија во Основниот суд во Струмица, јас се обидов да најдам некакви податоци дали таков човек постои во судот во Струмица, меѓутоа сите до кои се обратив ми кажаа дека не постои таков човек. Ако се работи пак за судијата Бајрактарова Нада, тогаш тоа е одличен предлог и жалам што претставникот на ДПМНЕ не го дал овој предлог на Комисијата за избори и именување. Можеби тогаш ќе го прифатевме овој предлог. Жалам што навистина толку доцнат со овој предлог. Што и да прават да го опструираат Собранието денес, се надевам дека Собранието ќе ја избере оваа Комисија.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓа Бонева, една минута контра реплика.

**Силвана Бонева:** Јас не гледам во што се состоеше репликата на господинот Ќуркчиев. Јасно е само едно дека госпоѓата Нада Бајрактарова ги исполнува сите предвидени законски услови кои се бараат со членот 27 од Изборниот законик на Република Македонија, додека госпоѓата Тања Алтанџиева не ги исполнува предвидените услови кои се бараат овде. А за тоа дали госпоѓата Тања Алтанџиева е член односно вие како што тврдите дека не е член на ниту еден партиски орган, можно е од пред малку до сега да поднела оставка, или пак дека сте ја разрешиле. Меѓутоа, не навлегуваме во тоа. Ние го кажуваме тоа што стои на ВЕБ-сајтот на СДСМ, тоа што го гледаме од седниците на Централниот одбор на СДСМ.

**Љупчо Јордановски:** Да расчистиме една работа госпоѓо Бонева. Нада Бајрактаровска, или Нада Бајрактарова.

**Силвана Бонева:** Нада Бајрактарова.

**Љупчо Јордановски:** Затоа не сме можеле да ја најдеме во Основниот суд во Струмица.

Повелете господине Витановски, имате три минути реплика.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам претседателе.

Навистина се чудам во каков филм е влезено ВМРО-ДПМНЕ. Знаете ли вие што правите и дали знаете вие што сакате. Која е вашата цел, човек не може да ве разбере. Вие бевте тие што се договаравте и што предлагавте да бидат партиски членови во Избирачките одбори, а ние баравме да бидат тоа државни службеници и останатите политички партии. Сега вие зборувате за департизација на овие комисии. Не знам која ви е целта. Знаете ли вие дека денес е 15-от ден во кој треба да ја избереме Државната изборна комисија. Дали вашата цел е денес да не ја избереме Државната изборна комисија и да немаме избори, а вие се прокламирате дека сакате да одите на избори. Едно зборувате, друго работите. Едно мислите, друго правите. Што е тоа? Вие сте такви, едно мислите, друго зборувате. Ако сакате да одите на избори за тоа што е договорено, денес треба да ја избереме Државната изборна комисија. Ако сакате да одиме со избори во септември, во октомври, или пак никој пат да не одиме на избори, тогаш можете да предложите уште еден амандман, имате време. Можете да предложите уште еден амандман и тоа да ја предложите Мирјана Најчевска за член, бидејќи така ќе можете да бидете задоволни од оваа комисија. Разберете еднаш, Државната изборна комисија не гласа. Државната изборна комисија ги спроведува изборите. Заради тоа, ако сметате дека вие на ваков начин, она што е договорено и како можете да бидете сериозна партија, да се договори една работа, а вие да предложите 4 амандмани, комплетно да ја смените цела Државната изборна комисија. Мислам дека тоа не е сериозно од една политичка партија, бидејќи имаше конкурс, имаше договарање меѓу вашиот лидер и нашиот лидер, имаше Комисија за избори и именувања, има предлози и сега вие предлагате 5 нови лица. Мислам, како политичка партија ВМРО-ДПМНЕ е несериозна партија. Затоа, имате време за уште еден амандман да ја предложите и Мирјана Најчевска за член на Државната изборна комисија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута контра реплика госпоѓа Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе .

Јас не знам во кој филм е влезен СДСМ и почитуваниот колега Јанаќе Витановски. Цело време ме убедуваат тука дека Државната изборна комисија не треба да биде партизирана. Наш предлог беше да има партиски претставници и јасно да се знае, 2 претставници на опозицијата, 2 претставници од власта и тогаш ќе имаше баланс и контрола. Ние не сме отстапиле од тоа начело. Меѓутоа, тоа не значи дека не треба да го почитуваме Законот. Доследноста на СДСМ и на господинот Јанаќе Витановски се гледа во тоа што односно нивната редоследност, во тоа што едно зборуваат на собраниските седници, а одвај ја дочекаа првата шанса, веднаш да ја партизираат Државната изборна комисија. Газејќи го Законот, газејќи ги дури и условите предвидени во Законот, да не предвидат луѓе кои ги исполнуваат овие услови во однос на нивното работно искуство во политиката.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Ивановска, три минути реплика.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе.

Почитувана колешке Бонева, навистина не можам да го разберам вашето однесување по повод изборот на Државната изборна комисија.

Се согласувам со колегата Јанаќе дека несериозно се однесувате во Собранието. Тоа го докажува и вашиот лидер господинот Никола Груевски кој не најде за сходно при изборот на Државната изборна комисија да биде присутен како пратеник во Собранието, затоа што тоа му е и должност, и прима пратеничка плата како сите пратеници во ова Собрание.

Сега да се вратам на вашиот предлог.

Предлогот што го предлагате, ве прашувам, дали целосно ВМРО-ДПМНЕ стои зад предлогот Нада Бајрактарова да биде член на Државната изборна комисија, која што е и судија во општинскиот суд во Струмица, која долги години работи како судија.

Вие уставните амандмани не ги гласавте. Таму се определивме дека во изборните органи судиите нема да учествуваат, баш заради зголемувањето на ефикасноста и капацитетите на судовите, за такви професионалци како што се судиите во општинските судови, со долго искуство.

Понатаму, зборувате за искуството на предложената измена што ја предлагате.

Госпоѓата Тања Алтанџиева, напротив има долго искуство во избирачките процеси во Република Македонија, почнувајќи од 1994 година па наваму. Меѓутоа, според еден друг закон, не според овој Изборен законик кој го донесовме. Таа учествувше во општинските изборни комисии, кога, еве јас лично како член на Демократската партија, тогаш, бев опозиција и крајно сме задоволни од работата на госпоѓата Тања Алтанџиева, во работата на општинските изборни комисии. И како адвокат таа многу професионално си ја завршуваше работата, во делот на преговорите на овластените предлагачи во изминатите изборни циклуси во општина Струмица, што се случуваа во сите изборни циклуси досега во Република Македонија. Значи, во делот на искуството и професионалноста на госпоѓата Тања Алтанџиева, мислам овде вашите аргументи воопшто не држат, а не држи ни вашиот предлог за предлог на судија за што постигнавме консензус овде во Собранието дека судиите ќе бидат надвор од изборниот процес, заради зголемување, повторно ќе речам, ефикасноста на судиите. За тоа најмногу разговаравме, како судовите да ги направиме поефикасни. Навистина несериозно е при изборот на Државната изборна комисија да правиме ваква атмосфера во Република Македонија, кога спроведувањето на фер и демократски избори е најважната работа заради државата, не заради ВМРО-ДПМНЕ, дали ќе победи, или коалицијата ЗА МАКЕДОНИЈА ЗАЕДНО, ќе победи. Треба да имаме добри избори, а вие тоа не го правите со оваа атмосфера што ја наметнувате во Собранието. Вашиот лидер Груевски нека дојде во Собранието да каже каква намера има во Република Македонија и што има намера да работи во идниот период. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Бонева, повелете имате една минута контра реплика.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе,

Почитувана колешке кажавте, се определивме дека во изборните органи нема да има судии. Меѓутоа, заборавивте да кажете, барем за јавноста дека никаде во огласот не стои дека судија кој ги исполнува условите наведени во огласот, тоа е 8-годишно работно искуство во политички изборен систем и да не е член на орган на политичка партија, дека не може да конкурира за во наредните 5 години, како професионалец, да работи во Државната изборна комисија. Бесмислено е тоа ваше кажување. Има право секој кој ги исполнува условите наведени во огласот, без оглед дали во моментот е судија или не, да се пријави на огласот, како сите граѓани.

За тоа дали сте задоволни вие, или не сте задоволни од работата на госпоѓата Тања Алтанџиева, јас не можам тоа да го кажам, ниту вие можете тоа да го кажете. Наше е да читаме тоа што пишува во биографијата.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Лалчевска имате збор.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Амандманите кои ги поднесовме, иако знаевме дека владеачкото мнозинство нема да ги прифати, ниту пак претседателот на Комисијата, како предлагач на овој предлог, нема да ги прифати. Меѓутоа, основната цел беше да сигнализираме дека при селектирањето односно при изборот на одредени членови на Државната изборна комисија, не е почитуван Изборниот законик.

Се јавив само за овој амандман, не сакајќи да одземам време за другите амандмани, не сакајќи да го опструирам процесот на изгласување на Државната изборна комисија, ниту пак да ги успорувам, или да го кратам времето за распишување на избори, онака како што планира владеачкото мнозинство.

По однос на овој амандман, конкретно, предложена за член на Државната изборна комисија госпоѓата Тања Алтанџиева, актуелен заменик министер за локална самоуправа, претходно беше заменик министер во правда. Значи не морам ни да ја отворам ВЕБ-страницата на СДСМ за да видам дека Алтанџиева е член на висок партиски орган. Тоа го знае целата македонска јавност, бидејќи при секоја снимка од состаноците на претседателството, или како го нарекувате Централен одбор, госпоѓата Тања Алтанџиева се појавува како член во тој орган. Значи се работи за експонирана политичка личност на која не и е место во една ДИК, за која ние со изгласување на законот се определивме да биде деполитизирана и професионална.

Јас навистина не можам да сфатам зошто Комисијата за избори и именувања посериозно не ги разгледа сите 37 пријави на кандидати кои се јавија на огласот, во кој јас се потрудив и најдов луѓе кои ниту се политички експонирани, а ги исполнуваат сите други пропишани услови во Законот, кои беа објавени на огласот. Зошто токму со изборот на вака експонирани политички личности за кои ни најобичниот граѓанин не може да поверува дека не се членови на политичките органи на партиите, затоа што секојдневно ги гледаат како заменици министри, го рушиме дигнитетот на органот за кој сите ние во оваа сала присутни, неодамна се определивме и изгласавме закон, и рековме, да, Државната изборна комисија ќе биде непартиски и професионален орган кој ќе ги води изборите. Исклучиво правото на предлагање на претседателот на Државната изборна комисија, во Законот стои дека ќе доаѓа по предлог на опозициската партија, но од листата која треба да ја утврди Комисијата за избори и именување, од предложените односно пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите. На нас таква листа не ни беше дадена. Комисијата во рок од 15 минути ги разгледа 37 члена и утврди дека токму меѓу другите членови кои се избрани е актуелен заменик министер, актуелен генерален секретар на Собранието. Господа, не се станува ниту министер, ниту заменик министер, ако не сте член на орган на политичка партија, во најмала рака на Централен одбор, на Општински, на Извршен и т.н. Навистина, ова е флагрантно кршење на Законот при првата негова примена, а најмалку што очекував е да ги прифатите амандманите. Меѓутоа, со колегите кои ги потпишавме, сакавме да сигнализираме дека на ваков начин не се бира орган за кој се определивме во законот, кој треба да го води изборниот процес. Токму заради тоа ги поднесовме амандманите. Во таа листа, верувајте, има одлични луѓе, квалитетни кои политички не се експонирани и кои ќе можат без страсти и без притисоци да го завршат и да го водат изборниот процес. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика за госпоѓица Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

За жал, јас не можам да најдам други зборови освен да и кажам на госпоѓата Лалчевска дека воопшто не ја зборува вистината. Ова е најблагата формулација што можам да ја најдам, практично да одговорам на она што беше изнесено до сега.

Прво, апсурдно е, поготово од некој правник да се тврди, ако некој бил заменик министер дека морал да биде член на некој орган во партијата. Прво тоа.

Второ, ако не била член на партиски орган дека воопшто не можела да биде избрана за заменик министер или министер во Владата, или на друга партиска функција, што е апсурдно. Доволно е некогаш да сте член, а некогаш е доволно и воопшто да не сте член, туку доколку некоја политичка парија ја цени вашата стручност, да ве предложи за одредена функција. Такви примери до сега сме имале.

Ќе повторам уште еднаш, не е вистина дека госпоѓата Алтанџиева е член на партиски орган. Значи, не е член на Централниот одбор на партијата, не е член на општинска организација, не е член на претседателството на партијата, меѓутоа, присуствува на одредени седници, бидејќи е заменик министер од листата на СДСМ.

Во прилог на тоа дека постојано не ја зборувате вистината и покрај тоа што според вашата струка би требало да правите разлика, морам да ви го прочитам членот 27 во кој стои следното: "Членот на Државната изборна комисија не треба да биде член на орган на политичка партија". Таму не стои дека не треба да биде член на политичка партија. Друго е прашањето дали вие сметате дека е доволно стручна или не. Меѓутоа, припадноста во политичка партија нема никаква врска со стручноста. Тоа не значи дека, доколку е заменик министер или доколку е член на политичка партија дека не е стручна да биде член на Државната изборна комисија заради тоа што ги исполнува сите услови предвидени во Законот за избори кои предвидуваат кои се критериумите за избор на членови во Државната изборна комисија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Лалчевска, една минута контра реплика.

**Ристана Лалчевска:** Госпоѓице Грковска,

Вие, пред малку ја излажавте целата македонска јавност дека госпоѓата Тања Алтанџиева не е член дури ни на општинска организација, на орган на општинска организација.

Па, ви се молам госпоѓице Грковска, барем прочитајте го вашиот Статут во кој јасно стои дека по функција, по функција најмалку се

членови сите министри, заменици министри, пратеници, итн.итн.

(Дофрлање од место, џагор во салата, а претседателот предупредува на ред со ѕвончето).

Немојте да галамите господине Макрадули, можете да земете збор.

Ќе испадне дека вие ставате заменици министри и министри надвор од СДСМ. Значи, вие бирате само стручни луѓе.

**Љупчо Јордановски:** Господине Голомеов повелете, три минути реплика.

**Благој Голомеов:** Благодарам господине претседателе.

Навистина, колку да се труди човек да ги разбере ВМРО ДПМНЕ и Либералната партија, не може да ги сфати. Мислам дека од целото време на донесувањето на Изборниот законик јасно им беше понудено да изборните органи ги составиме од професионалци, кои ќе потекнуваат од администрацијата, од луѓе кои ќе немаат политички бекграунд, луѓе кои ќе бидат професионални во секој поглед, компетентни за извршување на функцијата и едноставно да донесеме изборен законик што ќе коренспондира со она што претставува европско достигнување.

Меѓутоа, тие строго инсистираа, дури се заканувaа со бојкот на изборите, барајќи ултимативно да се внесат партиски членови во избирачките одбори. Инсистираа да го предлагаат првиот човек на Државната изборна комисија и јас не знам што натаму очекуваа? Зарем очекуваа дека сите пет членови на ДИК ќе им биде дозволено тие да ги предложат и тие да ги изберат?

Сега, се согласувам дека имаше пријави, дека Комисијата за избор и именување можеше да работи, имаше квалитетни пријави и предложените за состав на Државната изборна комисија, јас ве уверувам дека се луѓе кои се пред се профенионалци, искусни во изборното законодавство и кои можат да ги спроведат изборите на едно високо ниво.

Затоа треба да престанеме да бараме постојано нешто повеќе и повеќе и едностано да не знаеме што сакаме и самите, да се однесуваме како налутено дете итн, и да го изгласаме односно да ја изгласаме Државната изборна комисија за која што, сепак, јас гарантирам, има доволен квалитет да спроведе фер и демократски избори по сите нишани. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута госпоѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Господине Голомеов,

Вие, изгледа си одржавте мини мал говор, бидејќи не реплициравте на ниту еден мој збор. Јас не ја споревстручноста. Сите тие се правници. Меѓутоа според, во овој случај за амандманот, неисполнување на еден од условите предвидени во законот. Вие не го ни спомнавте. Внимавајте кога зборувам, не правете си муабет со колегите.

**Љупчо Јорданoвски:** Господине Мавровски сте за реплика или за збор?

Три минути реплика.

**Спиро Мавровски:** Благодарам.

Е сега дури ништо не ми е јасно за флагрантното кршење на Законот. Јас и сите тука пратеници добивме еден Закон што мислевме дека ќе биде Изборен законик, но тој само после 48 часови се прекрши. Од него не остана ништо.

Сега кажувате дека за 15 минути биле избрани членовите на Државната изборна комисија. Дали, ако беа во прашање часови, ако повторно се договаравте и ги договоревте уште тие 4-5 членови, тогаш ќе беше се регуларно и ние сега ќе можевме слободно сите да изгласаме тоа што вие сакавте? Ако е така, треба да му кажете на македонскиот народ.

Флагрантното кршење се случи уште непочнат да живее овој Изборен законик, за кој што и вие се залагавте. Се залагавте за судии, се залагавте државните службеници да ги нема. Но сега гледам, не само што предлагате за претседател, туку и овие измени што денеска ги давате како амандмани, повторно предлагате државни службеници. Па, се залагавте за прочистување на избирачкиот список, па ништо не кажавте. Па гласање за нашите иселеници од странство и за тоа ништо не кажавте.

Сега, не можам да разберам дали овде ако имавме една Државната изборна комисија во која што вие ќе кажевте пет од седум членови ќе бевте задоволни или повторно, тој едниот, кој немаше да биде тој кој требаше да биде, ќе беше флагрантно кршење на Законот? Не знам уште колку пати треба да го прекршиме Законот и да им објасneme на граѓаните дека ова што го имате пред вас, од една страна не верувате во државните службеници и ги исклучувате од сите државни органи, како партиски луѓе, од друга страна партиските луѓе не знам за што ги сметате. Дали се сите корумпирани, без разлика во која партија припаѓаат. Мислам дека се работи за чесност кон оние кои се државни службеници, кои утре ќе бидат, на наредните избори основниот стожер и повеќе нема да има политички партии или пак ќе продолжиме вака, кој како ќе стигне ако може да си стави свој човек во Државната изборна комисија и тогаш нема да имаме апсолутно никакво кршење на Законот.

Флагрантното кршење го направивте вие со еден неразумен договор надвор од овие парламентарни клупи, партиски, меѓупартиски договор од кој што се изроди ова што го имаме денеска пред нас.

Затоа, немојте никого да обвините. Основните виновници сте вие. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓице Грковска барате збор.

Нема да дозволам друго реплицирање само збор.

Повелете.

Славица Грковска: Нема потреба од прејудицирање, претседателе. Јас мислам дека во текот на мандатот научивме да правиме разлика што е збор, а што реплика.

Станува збор за еден амандман предложен од стана на група пратеници и јас, искрено се надевав, имајќи ја предвид сериозноста пред која сме исправени, сериозноста на органот за кој што дискутираме денеска и за неговите членови, дека барем ќе се обидеме да го задржиме нивото на ова Собрание и дека нема да употребуваме формулации што навистина не доликуваат ниту на возрасни луѓе, а камо ли на претставници на една институција на законодавната власт.

Меѓутоа, нема да навлегувам во поединечните коментари, затоа што сепак станува збор за индивидуални личности кои се доволно возрасни да проценат дали им доликува таквиот начин на однесување и дали доликува тоа на еден пратеник.

Се јавив за да расчистиме околу одредени дилеми, заради тоа што очигледно е дека се сака да се манипулира со јавноста, со искривување на фактите.

Во членот 27, за избор на составот на Државната изборна комисија се вели дека за претседател и членови на Државната изборна комисија може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови, да е државјанин на Република Македонија, со потојано место на живеење, да има високо образование и најмалку осум години работно искуство во правната област, политичкиот и изборниот систем и да не е член на орган на политичка партија.

За да нема дилеми во јавноста, еве јас ќе се обидам да објаснам, заради тоа што, од она што беше кажано досега, очигледно е дека и на некои правници не им е јасна разликата помеѓу член на партија и член во орган на партија. И покрај тоа што сум математичар, ќе се обидам да им објансам на моите колеги правници, како на четиригодишни деца дека една политичка паритија може да има членство во бројка од 100.000 членови, меѓутоа е невозможно сите тие да бидат членови на одредени органи на политичка партија без разлика дали станува збор за најниското ниво на организирање, од месна организација, па до највисокото, да речеме членови на Централниот одбор и на Претседателството, зависно во која политичка партија како се именуваат.

Според Статутот на различни политички партии, одредени функционери се поканувaат да присуствуваат на седниците на органите на партијата, особено ако се избрани на листата на одредена политичка паритија. Тоа не е аргумент за останатите да ценат дека се членови на орган на политичка паритија.

Уште еднаш ќе повторам, госпоѓата Алтанџиева не е член на ниту еден орган на политичка партија. Значи, го задоволува и овој услов за изобр на член на Државната изборна комисија. Адвокат е од 1993 година, значи го задоволува условот и вториот, високо образование и најмалку осум години искуство во правната област и се разбира е државјанин на Република Македонија. Нема апсолутно никакви пречки, законски, согласно оној Закон за кој што ние дебатиравме со денови и за кој што коалицијата ВМРО ДПМНЕ и Либералната партија плачеше на секој предлог за измени во овој Закон, создавајќи си алиби за евентуален пораз на изборите, за одредени решенија што ги нуди Законот.

Уште еднаш повторувам, госпоѓата Тања Алтанџиева ги исполнува сите законски услови за избор на член на Државната изборна комисија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Којзеклиска вие се пријавувате за збор?

Госпоѓо Бонева вие?

Исто за збор.

Господинот Манев бара реплика.

Повелете три минути господине Манев.

**Ефтим Манев:** Ќе бидам прилично краток господине претседателе за тоа што се искажа госпоѓицата Грковска, сметам дека непотребно позицијата, особено СДСМ ги дигна тензиите по однос на дадените амандмани во однос на членовите на Државната изборна комисија. Доколку има проблеми и пречки да не се предлагаат други личности, тоа би требало да стои така. Дали во самиот Закон оти не може да се предлага нови лица од оние кои ги пуштила Комисијата. Што е толку страшно тоа што го направиле предлагачите, меѓу кои сум и јас потписник, ако сме дошле до погрешни податоци или пак се нашите податоци точни, а одговорите ви се погрешни, дека ги исполнуваат условите предложените кандидати, тоа не значи и да има некој кој ги исполнува условите, да не може да се предложи друг на негово место. Тоа не значи дека овие лица кои се предложени, се најдобрите.

Погрешни се таквите ставови и таквите дискусии, напаѓајќи, барем во се, предлагачите и нашата политичка партиј**а** ВМРО ДПМНЕ дека не знае што прави, дека исклучиво требаше да ги прифати таквите предлози. Сметам дека е чесно секогаш да се предложи и нешто друго од веќе предложеното.

Затоа би замолил во таа насока дискусиите да престанат. Благодарам.

(Со седницата продолжи да работи господин Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија).

Благодарам господине Манев.

Една минута контра реплика госпоѓице Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе,

Не можете да очекувате да не ја поткреваме тензијата кога очигледно се искажуваат невистини кога станува збор за предлози за членови на Државната изборна комисија. Не

можете да очекувате да не реагираме на невистини. Од една страна ги спорите кандидатите, а од друга страна велите дека не ја спорите нивната стручност. Изјаснете се.

Јас мислам дека треба да дискутираме за стручност на кандидатите. Доколку имате сериозни забелешки по однос на одредена стручност на некои од кандидатите, тогаш мислам дека нема пратеник во овој пратенички состав кој нема да одговори на такви сериозни аргументи и да кажат дека сте во право, дури и да го прифати вашиот предлог.

Меѓутоа, неосновани и невистинити работи, мисламе дека не доликуваат на овој парламентарен состав да се кажуваат. Благодарам.

Слободан Најдовски: Благодарам.

Следен за дискусија е госпоѓа Којзеклиска.

Има збор пратеникот Којзеклиска Марија.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе.

Ова е трет амандман предложен од ВМРО ДПМНЕ и од Либералната партија, со што се бара да се променат членовите предложени од страна на Комисијата за избори и менување, да бидат заменети со други членови. Не може, почитуван потпретседателе да се зборува за членови или по основ на амандманот, а да не се гледа и Државната изборна комисија во целост, кога цело време тука паѓаат обвинувања партиски, вакви луѓе, такви луѓе, членови на органи, не биле членови на органи на партијата и, она што е предвидено со Изборниот законик во членот 27.

Една мала дигресија, претседателот на Државната изборна комисија, по договор меѓу ДПМНЕ и СДСМ беше предложен од страна на опозицијата. Заменикот од страна на позицијата. И сега, во органот во кој врвните двајца луѓе се припадници или предложени, да бидам попрецизна, предложени од страна на политичка партија во опозиција и позиција некој тука очекува останатите членови на Државната изборна комисија да немаат врска со партиите. Согласно Уставот имаме право сите да бидеме членови на политичка паритија. Во Изборниот законик се вели дека не треба да биде член на орган на политичка партија. Па, видете и судиите се независни и самостојни, но тие на денот на изоборите одат и гласаат за некоја политичка паритја.

Значи, целата Државната изборна комисија мора да има влијание, знаејќи како се се одвиваше процесот за да се дојде до овој предлог од стана на Комисијата за избор и именување. Тоа е целата работа.

Втората работа, не знам колегите од ДПМНЕ дали се свесни, меѓутоа она што нам цело време ни се укажува дека овие избори ќе бидат под голем мониторинг од страна на Европската унија, претставниците на Европската унија, не само изборите, значи претставниците на Европската унија, преку сите институции тука, во Република Македонија, немојте да мислите дека не ја следат и денешнава расправа и сето она што се случува, а знаејќи го предходниот договор што постои помеѓу СДСМ и ДПМНЕ. И, онаа хронологија што почнува од многу афирмираниот Клуб на пратеници и сето она што се случуваше наваму.

Ова мене ми личи дека ДПМНЕ и СДСМ имаат некоја игра, играат некоја игра со предлагањето на овие амандмани, со одлагање на дискусиите и изборот на Државната изборна комисија, а сите се колнеа дека дури некој, како ДПМНЕ бараат да има дури и предвремени избори. Со ваквиот тек на денешнава седница, не верувам дека е така.

Се прашувам, а треба и сите да се прашаат, останатите, кои не учествуваме во тие договори, преговори меѓу СДСМ и ДПМНЕ дали СДСМ и ДПМНЕ сакаат избори во оваа изборна 2006 година? Тоа е клучното прашање. Дали сакаат избори или се исплашија од сопствените рејтинзи па сакаат да го одложат изборот или изборите за оној пробен балот од 5 јули како термин што кружи во етерот и меѓу сите нас, последниве два месеци.

Сето ова и сите овие амандмани, почитуван потпретседателе, почитувани колеги, одат во таа насока, така што ништо од ова што е предложено посебно од страна на ДПМНЕ не кореспондира со јавноста. Уште еднаш ќе повторам, мене ова ми личи само на една перфидан игра за да се збунат сите оние што не учествуваат во тие непосредни спогодби.

Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика за госпоѓата Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпртседателе, почитувана колешке Којзеклиска, ВМРО - ДПМНЕ не прави никаква перфидна игра со никого. Она што согласно членот 27 го имавме како право како најголема политчка партија во опозиција да предложиме претседател на Државната изборна комисија, околу тоа разговаравме со премиерот Бучковски, дали ќе биде или нема да биде прифатен нашиот предлог. Првиот предлог не беше прифатен и затоа ги дадовме вториот предлог. Ние го почитувавме законот. Ништо не договаравме наспроти тоа. СДСМ кажавте и ВМРО ДПМНЕ имаат некоја игра за одлагање на изборите. Не, СДСМ и ВМРО Народна партија имаат свои партиски членови во Државната изборна комисија и прават некое мнозинство во Државната изборна комисија. ВМРО ДПМНЕ нема партиски член. ВМРО ДПМНЕ го почитуваше словото на законот и токму од непочитувањето на словото на законот и непочитување стриктно на одредбите дека треба да бидат кандидатите со осум годишно искуство во изборниот и политичкиот систем. Токму тоа може да доведе до одлагање на изборите, бидејќи мможе некој да спори, што ги спори овие одлуки и да паднат на суд. Што ќе се случи тогаш? Тогаш нема да имаме избори.

Значи, перфидна е играта од другата страна за одлагање на изборите. Ние тоа сакаме денес да го расчистиме и сакаме да направиме еден изборен орган кој ќе биде соодветен на она што е духот на изборите на изборниот законик. Она за што сите вие се залагавте и она за што и ние се залагаме. Значи духот на изборниот законик да биде почитуван без оглед на тоа какви ставови сме имале претходно. За жал, она за што и вие се залагавте и СДСМ се залагаше државна професионална администрација, самите го погазивте. Наместо професионалци од државната администрација ни предложивте партиски војници. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика пратеникот Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Амандманите не ги поднесе ВМРО Народна партија. Амандманите ги поднесе ВМРО ДПМНЕ и Либералната партија. Значи ние со дискусиите не вршиме одлагање на изборот на членови на Државната изборна комисија и со тоа почнување на процесот на изборни дејствија. Значи, тоа е една лага почитувана колешке, која тука ја пласирате.

Друго да ви кажам вас ви требаше Бучковски да ви дефинира што е позиција што е опозиција амандмански за да вие предложите член, претседател на Државната изборна комисија и заменик. Дури и премиерот мораше да ви дефинира. Се договаравте колешке, се изнамачивте договорајќи, преговорајќи со Бучковски. Зошто не се договоривте за членовите на Државната изборна комисија, не тука да ни правите филмови.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор. Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласање беа присутни 61 пратеник, од нив гласале 57, 10 гласале за, нема воздржани 47 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлог-одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Каме Петров.

**Каме Петров:** Благодарам потпретседателе, почитуван потпретседателе, почитувани колешки и колеги пратеници,

Во текот на оваа недела заедно со членовите на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата, имавме прилика на две седници, најпрвин да се запознаеме со биографските податоци на пријавените вкупно 37 кандидати. Потоа, на втората седница веќе го стеснивме изборот, при што, во вид на Предлог-одлука што веќе го имате добиено за Државната изборна комисија, која треба да биде избрана на денешната седница на Собранието на Република Македонија.

Притоа, при предлагањето независно од некои дисонантни тонови кои што ги имавме на седницата, сепак во прв ред се земени предвид прашањата дали и кои од пријавените кандидати ги исполнуваат условите од членот 27 став1, алинеи 1, 2 и 3, од Изборниот законик, "Службен весник" на Република Македонија број 40 од 2006 година. Тоа значи дали кандидатите се државјани на Република Македонија и живеат во својата држава, дали имаат најмалку осум години работно искуство, со акцент на искуството во политичкиот и изборниот процес и истовремено да не бидат членови како овде што се кажа, на политички орган и на ниту една политичка партија.

Врз таа основа, може да се констатира дека најголемиот дел од пријавените кандидати ги исполнуваат условите од законот. Од тоа следуваше заклучокот дека имаме пријавено солидни кандидати, квалитетни луѓе и јас сум убеден дека во оваа држава секако, дека има и други луѓе, има и уште поквалитетни луѓе кои можат да одговорат на оваа задача членови на Државната изборна комисија.

Почитувани колешки и колеги, тоа значи дека и при фазата на предлагањето на кандидатите се раководевме првенствено дали тие се стручни и компетентни, дали имаат високи познавања од изборниот процес. Кај некој од нив настојувавме Државната изборна комисија да има и континуитетет, да може да спроведе фер и демократски избори. Кон тоа особено водевме сметка и за критериумите утврдени со член 21 од изборниот законик, односно соодветна етничка застапеност во Државната изборна комисија и се разбира, застапеност во утврдениот процент од законот на претставниците од двата пола.

Тоа така погледнато, структурата на предложените кандидати е следната: од кандидатите пет се Македонци и двајца Албанци. Во составот на предлогот имаме две жени. Од седумте кандидати двајца се адвокати, имаме четворица претставници од државната или јавната администрација и еден од областа на стопанството. Од вкупно седум, 6-те предложени кандидати се со положенправосуден испит. Најмалку работно искуство имаат тројца кандидати од над 15 години, други по 20, како и кандидати со над 30 годишно работно искуство.

Според тоа, можам да кажам дека кандидатите кои денес ги предлагаме ги исполнуваат во целост сите услови и критериуми утврдени со Изборниот законик. Во тоа нема никаков спор.

Меѓутоа, сакам да истакнам еден елемент, кој исто така е како дилема и лебди како дилема, и лебдеше во овој процес на предлагањето на листата. Тоа е следното:

Прво, познато е дека Државната изборна комисија ја избира Собранието на Република Македонија кое пак, како што исто така е познато, е составено од повеќе политички партии, едните од позиција, другите од опозиција.

Второ, ние од тој факт не можеме да избегаме и ако го апстрахираме проблемот, значи доколку го немаме предвид тој факт, треба да избереме такви условно кажано деполитизирани луѓе, кои фактички, никогаш веројатно, не биле општествено ангажирани. Не се, или не се доволно познати на поширокаta јавностм а тоа значи дека некои ммножеби се и анонимност.

Трето, според критериумите кандидатите што денес ги предлагаме ги исполнуваат сите услови, но со оглед на политичката консталација на односите во Парламентот, предлагаме луѓе кои смеаме дека треба да бидат прифатливи за Собранието и за најголемиот број пратеници.

Четврто, да не заборавиме дека одлуката за избор на Државната изборна комисија треба да ја гласаат 80 пратеници, или да постигнеме квалификувано мнозинство.

Затоа, јас мислам и повикувам, ако сакате и замолувам дека во поглед на изборот на Државната изборна комисија треба да постигнеме единство. Подобро кажано, ги повикувам сите колешки и колеги, пратеници од сите политички партии да постигнеме консензус, или висок степен на согласност, бидејќи од тоа ќе ни зависат и изборите. Да дадеме шанса во оваа држава да спроведе фер и демократски избори и ние политичките партии да и овозможиме на нашата држава да направи крупен чекор во политичкиот развој.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Петров.

Три минути реплика за господинот Китаноски.

Илија Китаноски: Благодарам господине потпретседателе, сакам да реплицирам на две работи кои што ги искажа господинот Каме Петров како претседател на Комисијата за избори и именувања.

Имено, во таа Комисија сум и јас член и сакам да потенцирам во интерес на јавноста дека прво, Комисијата воопшто не расправаше и воопшто не ги разгледа 37-те молби со биографиите на сите кандидати од аспект, дали сите ги исполнуваат законски пропишаните услови. Тоа го барав посебно на Комисијата и тоа не се направи. Така да, практично тоа е една од причините заради која што поднесовме и амандмани, сметајќи дека еден дел од членовите не ги исполнуваат еден од законските услови, а тоа е осум години работно искуство во политичкиот и во изборниот систем во областа на правото.

Втората работа, што без разлика дали се или не се членови на партиски органи, предложените членови во Државната изборна комисија, со која што сака да се постигне, стручност, компетентност и деполитизираност се еминентни членови на политичките партии и тоа Снежана Калевска на ЛДП, Александар Новакоски на СДСМ, Александар Даштевски на ВМРО Народна и Тања Алтанџиева на СДСМ. Тоа е така како што е, без разлика дали се членови на политички органи на тие партии, или не се, тие луѓе се познати во јавноста како партиски членови и многу тешко јавноста и граѓаните ќе ги убедите дека овие луѓе сега во Државната изборна комисија ќе делуваат барем независно, односно фифти-фифти позиција опозиција итн.

Тие се две работи на кои што сакав да реплицирам во однос на излагањето на претседателот на Комисијата.

И уште една работа, ја користам приликата сега да ја кажам, бидејќи на два пати беше покажано од дискутантите од позицијата дека ВМРО ДПМНЕ сега ја користи говорницата за да го оддолговлечи процесот. Ви велам дека тоа не е случај, дека има малку пријавени од ВРМО ДПМНЕ, дека поднесовме амандмани кои што поминаа. Значи не се оддолговлекува процесот, спремни сме за избори, тоа многу добро го знаете. Што побрзо, тоа подобро, дури и предвремени, значи на 5-ти јули, туку на 5-ти јуни ако може, меѓутоа, тоа не значи дека ќе дозволиме прекршување на законските одредби и да избереме во Државната изборна комисија определени и назначени луѓе и се ова како на член на Комисијата ми беше оневозможено да го кажам на Комисијата за избори и именување. Можеби ќе бевме поштедени од амандманската дискусија во овие изминати три часа. Ѓ

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китаноски.

Една минута контра реплика пратеникот Каме Петров.

**Каме Петров:** Не би сакал одново да реплицирам, меѓутоа, сакам да кажам еден факт. Сите членови на Комисијата со сите биографски податоци цели 24 часа ги имаа на увид ккомплетно сите кандидати.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе, ќе се потрудам сосема накратко да ги образложам нашите размислувања по однос на одлуката која што ни е доставена за избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија, Одлука заведена во Собранието во Архивата на 11 април 2006 година. Зошто доставивме толку амандмани и зошто мислиме дека Комисијата за прашања на изборите и именувањата ја повреди процедурата пропишана по Изборниот законик.

Според членот 27 став 3, како што беше кажано на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, по завршувањето на постапката со јавниот оглас, требаше да подготви предлог листа од пријавените кандидати и истата таа листа да ја достави до Собранието на Република

Македонија. Тоа подразбира дека од сите пријавени кандидати, Комисијата требаше поединечно по секој пријавен кандидат да изврши опсервација и да утврди дали секој од нив ги исполнува условите пропишани во членот 27 став 1 од Законот.

По изготвувањето на таквата листа од кандидати, значи листа каде што сите лица кои ќе бидат наведени треба да ги исполнуваат законски пропишаните услови, истата требаше да се достави до претседателот на Собранието, кој што понатаму треба да ја достави до политичките партии и тие да дадат свој предлог, политичките партии во опозицијата, најголемата политичка партија по договор, како што е во случајот ВМРО ДПМНЕ и Демократската партија на Албанците, да доставаат предлог за претседател на Државната изборна комисија и претставниците, политичките партии кои партиципираат во власта да дадат свој претставник како заменик претседател на Државната изборна комисија.

Врз основа на така добиените предлози понатаму од политичките партии, требаше Комисијата за прашања на избори и именувања повторно да се состане и да изготви предлог одлука, која што се составува од селектираната листа на кандидати, кои што треба да ги исполнуваат условите од Законот и листата од предлозите кои што ги даваат политичките партии. Таквата предлог одлука требаше да ја разгледува Собранието на Република Македонија.

Наместо тоа, ние повторно ќе кажам, на 11 април добивме Предлог одлука зза избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија. Значи, предлог одлука за избор на претседател и заменик пред политичките партии од опозицијата да доставаат свој официјален писмен предлог и пред претседателот на Собранието да се обрати до политичките партии за давање на ваков предлог.

Значи, пред да пристигне предлогот од ВМРО ДПМНЕ и пред да пристигне предлогот од партиите кои што партиципираат во власта, ние добивме од Комисијата за избори и именување предлог за претседател, заменик претседател и за членови на Државната изборна комисија. Комисијата за прашања на избори и именувања си презеде ингеренции што не се во нејзина надлежност и ја прекрши процедурата. Тоа цело време го зборуваме и за тоа што воопшто не беа сериозно разгледани биографиите на кандидатите кои што се пријавија и од сите оние кои што ги исполнуваат законските услови да бидаст предложени кандидати. Тоа значи грубо кршење на процедурата.

Може да ни се случи, еве еден хипотетичен пример. Предложени се актуелни членови на Државната изборна комисија да бидат оспорувани од другите кандидати кои се пријавија на огласот, а кои вистински ги исполнуваат законските услови. Што ќе се случи тогаш? Дали тогаш ВМРО-ДПМНЕ ќе биде виновен дека ги пролонгира изборите, како што беше овде обвинувана.

Морам почитувани колеги овде да кажам дека стриктното почитување на процедурата е една основа на успешното функционирање на некоја демократија. Со нејзиното заобиколување или само повремено почитување демократијата едноставно не постои. Заради тоа владеачките партии треба да си го поставaт прашањето за сигналот кој што ваквиот вовед во парламентарните избори го праќаат до сите во државата и до претставниците на меѓународните организации, односно колку тоа оди во прилог на имиџот на Република Македонија.

Во текот на расправата бевме обвинувани дека ВМРО-ДПМНЕ предлагал членови на политички партии да бидат застапени во сите изборни органи. Тоа е точно и ние не бегаме од тоа. Ние јасно и гласно кажавме, бевме децидни и доследни на нашиот став, да, ние бараме партиски претставници во сите избирачки органи, почнувајќи од Државната изборна комисија завршувајќи со избирачките одбори, по двајца претставници од опозицијата, двајца претставници од партиите кои партиципираат во власта, за да има меѓусебна контрола и да се воспостави баланс на силите, а не тоа што сега се предлага со одлуката, најголемиот дел од членовите на Државната изборна комисија, односно четири или пет членови, да бидат високи претставници на политичките партии. Каде е деполитизираноста за која што вие се залагавте и присуството на државната администрација во Државната изборна комисија. Значи вие сте тие што го скршивте принципот за кој што се залагавте и тоа првата прилика кога ви се укажа веднаш се дрзнавте да го направите тоа, наспроти она за кое цело време зборувавте дека е потребно професионализација и департизација на сите избирачки органи. Сега имаме високи претставници од власта, заменици министри како што е господинот Јакупи, госпоѓата Алтанџиева и другите претставници на политичките партии на ВМРО-Народна, на СДСМ, на ЛДП. Значи имаме се, меѓутоа, не и деполитизирана, односно департизирана и професионална од тој аспект Државна изборна комисија.

Мислам дека договорите кои беа кажувани овде дека ВМРО-ДПМНЕ правел договори со СДСМ, белким јасно е на цела македонска јавност дека она што беше законска обврска тоа го правеше ВМРО-ДПМНЕ, согласно членот 27 став 4 ВМРО-ДПМНЕ требаше да предложи претседател на Државната изборна комисија. Таквиот предлог од наша страна беше даден, беше предложен професионалец кој ги исполнува условите, значи многу повеќе од осум години работно искуство во изборниот и полилтичкиот систем, припадник на државната администрација, значи дел од државната администрација, човек кој што ќе гарантира дека ќе се спроведат фер и демократски избори без партиски влијанија при донесувањето на одлуките. Ние си стоевме на нашиот збор, на она што го кажавме дека токму

тоа ќе предложиме непартиски човек, професионалец кој што ќе си ја заврши работата според словото на законот. Наместо тоа, од страна на СДСМ добивме предлози, односно на Комисијата за избори и именувања, партиски предлози кои најжално од се е што не ги исполнува дури ни условите предвидени во Законот, а тоа е осум години искуство во областа на политичкиот и изборниот систем.

Кажувањата што беа овде дадени дека може секој адвокат кој што има осум години работно искуство да му се смета како работно искуство од областа на политичкиот и изборниот систем многу јасно е дека не држи, барем посебно на вас тоа многу добро ви е познато, бидејќи имаше огромен проблем долго време откако се објави огласот кој може да се пријави, ќе го мотивирате и вие и другите политички партии да се пријават за кандидати за членови на Државната изборна комисија, токму поради тој лимитирачки услов, осум години работно искуство во изборниот и политичкиот систем. Оттаму, најголем дел од оние кои што можеа да ги исполнат овие услови беа професорите на факултетите што предаваат предмети од областа на политичкиот и изборниот систем и оние кои што директно со години наназад учествувале во изборите, и кои нормално работеле во министерствата и во државната администрација.

Мислам дека условите не би биле дадени во законот така доколку не требало сите ние да ги почитуваме и повторно ќе кажам, иако се противевме на законски решенија за учество на непартиски претставници и учество на државната администрација во државните органи, ние го почитуваме словото на законот и оттаму нашиот предлог за претседател на Државната изборна комисија беше тоа, државен службеник кој што професионално ќе си ја заврши работата во Државната изборна комисија.

Мислам дека до крајот расправата треба многу сериозно пратениците да размислат колку и оди во прилог во моментот на Република Македонија партизирана Државна изборна комисија и Државна изборна комисија која што во својот состав ќе има членови кои не ги исполнуваат законски предвидените услови. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, но претходно сакам и јас да објаснам нешто во врска со целата процедура. Законите ги пишуваат правници, експерти и не знам кој се друго, има правничка логика, но има и некоја друга логика. Јас мислам дека максимално испочитуван законот, со оглед дека законот има и некои нејаснотии. Како што рече госпоѓа Бонева, членот 27 став 3 - Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието подготвува предлог на листа. Тоа значи со двете подготвителни средби или состаноци кои ги имаше Комисијата, го направи тоа и пријавените кандидати, односно предлогот на листата од пријавените кандидати ја доставува до Собранието. Тоа е широк поим до кого требаше да ја достави до Собранието, но веќе во членот 29 став 1 се вели: "Претседателот на Собранието ги известува политичките партии од членот 27 став 4 на овој закон во рок од три дена од денот на примањето на известувањето да достават предлог за претседател, односно заменик на претседателот на Државната изборна комисија". Во таа смисла, таа предлог листа беше доставена до мене, во однос на членот 27 став 3, јас пропратив по член 29 став 1 до опозиционите партии, трите најголеми позициони и опозициони партии да кажат кој е претседател и кој е заменик претседател. Тоа го добив, со тоа што предлогот на листата веќе имаше заменик претседател и претседател, бидејќи тој договор беше направен претходно и предлогот на листата тоа го имаше како листа, односно како предлог кој што беше доставен до мене.

Според тоа, јас не знам во што е прекршена процедурата, бидејќи самата комисија до претседателот на Собранието или до Собранието, како сакате, ако го врзете со членот 29 до Собранието, до претседателот на Собранието, така и јас го сватив, тоа го интерпретирав, е направена по сите оние законски процедури како што кажува Деловникот.

Друга работа, ние треба да знаеме, во преодните и завршните одредби пишува дека од објавувањето на конкурсот за членови на Државната изборна комисија треба да поминат најмногу 15 дена, во рок од 15 дена.

Според тоа госпоѓо Бонева вие можете да имате своја интерпретација, но максимално се испочитувани онолку колку што е јасен или нејасен овој закон, максимално е испочитувана процедурата на донесување или на предлагање на членови на Државната изборна комисија. Ова сакав да го кажам затоа што веќе станува збор за исказ кој навистина и мене лично како претседател ме погодува дека не е запазена процедурата. Процедурата е запазена, прашањето е само на интерпретација, но вие не можете да ми оспорите дека имам и јас право да го читам законот по некоја логика и по таа логика јас се однесувам. Пример на тоа дека тоа е точно и дека тоа е така се двете известувања, од претседателот на СДСМ и од претседателот на ВМРО-ДПМНЕ за согласноста околу претседателот на Државната изборна комисија и заменик претседателот на Државната изборна комисија.

Госпоѓо Бонева, јас бев пократок од три минути, нека биде ова контра реплика од една минута.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе, самиот кажавте дека максимално е испочитуван законот и веднаш после тоа, иако има нејасни одредби на кои вие понатаму си дадовте толкување...

**Љупчо Јордановски:** Јас реков процедурата е максимално почитувана и исто така Законот, бидејќи ние имаме дискусии повеќе од четири часа по амандманите и се убедивме.

**Силвана Бонева:** Јас мислам дека ве слушав, може да не ми течат секундите вие додека зборувате.

**Љупчо Јордановски:** Јас ќе ви дадам збор, не е проблем, ќе направам пауза и таа можност ја има.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседтеле, кажавте дека ви пристигнале двете известувања за согласност и дека со тоа е запазена процедурата. Меѓутоа, заборавате да кажете дека пред да добиете одговор од политичките партии, значи согласно Законот, пред вие да добиете одговор Комисијата за избори и именувања си дозволи не да ни достави предлог листа и не да достави до вас предлог листа, туку во таа предлог листа таа да предложи и претседател и заменик. Тоа не е во ингеренциите на Комисијата за избори и именувања, а да не зборуваме пак дека воопшто Комисијата за избори и именувања не ги разгледа кандидатурите, да види кој ги исполнува законските услови и зошто токму тие кандидати се предлагаат, туку Комисијата за избори и именувања донесе готова предлог одлука со веќе "нацртани" личности, без да даде никакво образложение зошто другите не биле земени предвид. Тука е прекршена процедурата. Значи на 11 април добивме одлука, на 14 април СДСМ дава согласност за господинот Јакупи, ВМРО-ДПМНЕ дава согласност на 13 април, а Комисијата пред тоа си зема за право да даде предлог, надвор од процедурата предвидена со законот.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева, ако така гледате, процедурата ја прекршивте кога почнаа преговорите пред да се распише конкурсот. Комисијата го санкционираше само она што е договорено.

**Силвана Бонева:** Тоа се разговори, а ова е процедура во Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ние го почитувавме тоа, се почитуваше договорот. Ако зборуваме за процедурата, не требаше воопшто да се преговара додека не се дадеше листата, па тогаш да се почне преговарањето.

**Силвана Бонева:** Разговорите на никого не штетат, а штети прекршување на законската процедура.

**Љупчо Јордановски:** Кога ќе ги донесеме, кога ќе почнеме избори - затоа, да не отвораме голема расправа. Вие имате ваш став, другите имаат свој став и затоа ве молам да видиме кој има реплика.

Госпоѓо Топузова - Каревска, повелете.

**Роза Топузова - Каревска:** Благодарам претседателе.

Мислам дека ќе ги немавме овие мачни многучасовни дискусии денес на пленарната седница во Собранието, доколку беа поддржани заложбите на ЛДП за целосна департизација на изборните тела од највисокото до најниското ниво, односно од Државната изборна комисија до избирачките одбори. Но вие почитувана колешке Бонева и вашата партија жестоко се залагавте партиските членови да бидат дел од изборните тела, немајќи доверба во државните службеници. Токму поради тоа не е чесно денес цел ден да ги етикетирате однапред членовите кои се предложени за кандидати за членови на Државната изборна комисија и да ги осудувате, со тоа однапред да се амнестирате од изборниот резултат. Довербата во нив ни е неопходна за да изградиме не само ние овде туку и сите граѓани на Република Македонија, ако искрено, особено ние претставниците на политичките партии се залагаме за фер и демократски избори, кои сите знаеме дека се предуслов за влез на Македонија во европското семејство и навистина вака само нанесуваме најголема штета пред се на нашата земја, на која сите кажуваме дека и посакуваме подобра иднина. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за госпоѓа Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитувана колешке ние само се залагаме за почитување на словото на законот, а законот откако ќе се напише и откако овде ќе се изгласа, треба и вие исто како и ние да го почитуваме.

Точно е дека нашата заложба беше да бидат партиски претставници, а вашата да се департизираат избирачките органи. Меѓутоа, точен и јасен е веќе фактот дека она што го зборувавме дека под плаштот на департизацијата ќе направите само типични партиски органи на власта, се покажа тоа со Државната изборна комисија бидејќи во првиот момент вие не се воздржавте да не ја партизирате Државната изборна комисија, туку ваши партиски војници ставивте во Државната изборна комисија. Тоа е суштината, значи вие сте тие што го прекршивте словото на законот.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Петар Апостолов, три минути реплика.

**Петар Апостолов:** Благодарам претседателе,

Ќе бидам краток бидејќи колешката Топузова дел од мојата реплика веќе изкажа. Според мене, денешниот ден требаше да биде свечен ден, ден кога требаше да ја избереме свечено Државната изборна комисија и кога требаше да ги вратите кон изборите, кои би требало да бидат демократски и фер.

Но за жал, колешке Бонева, искажавте многу неприципиелности и само ќе ве прашам дали е принципиелно вие да предлагате претседател на Државната изборна комисија како најголема опозициона партија или ќе беше принципиелно да седневме заедно и да предложевме човек кој ќе биде вон партиските комбинаторики. Вие дури да не кажам плачевте и го молевте Бучковски со амандман Владата да интервенира и да ве стави во Изборниот закон како најголема опозициона партија. Заборавивте дека основна клетка во секој изборен процес се општинските изборни одбори а не Државната изборна комисија. Само во едно ќе ве разберам. Според мене, вие се подготвувате и во наредните четири години да бидете во опозиција,еве зошто. Претседателот

на Државната изборна комисија се избира по ваше инсистирање од најголемата опозициона паертија. Ако догодина вие бидете на власт, тогаш тој принцип паѓа. Ако планирате да бидете во опозиција, тогаш навистина зошто вие се залагавте ќе ви дадевме оправдување, бидејќи и тогаш треба да биде од најголемата опозициона партија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Има тука логика, ама не до крај. Политичка логика има.

Госпоѓо Бонева, имате една минута.

**Силвана Бонева:** Сосема накратко, почитуван колега Апостолов, ќе беше денешниов ден свечен ден доколку вие и вашите коалициони партии ја почитувавте процедурата и го почитувавте словото на законот. Вие го погазивте сето тоа и токму од таму денешната дискусија е ваква каква што е во Парламентот.

**Љупчо Јордановски:** Господине Макрадули, процедурално, повелете, но имате и збор, бидејќи вевте на ред за дискусија.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, јас сум на ред да дискутирам и ќе дискутирам, но би сакал да ја искористам можноста процедурално во зголемување на ефикасноста, иако можеби ќе завршиме до 18,00 часот, сепак согласно член 64 став 4 да предложам и да побарам поддршка од десет пратеници за да се изјасниме да го продолжиме работното време после 18,00 часот.

**Љупчо Јордановски:** Да видиме дали има 10 пратеника кои го подржуваа предлогот?

Има 10 пратеника, можно е откако ќе го гласаме предлогот ќе продолжите со вашето обраќање, оти имате збор.

Предлогот да се работи после 18,00 часот да го пречекориме нашето работно време затоа што навистина е битно денеска да завршиме со изборот на Државната изборна комисија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни гласале 57 од кои 51 за, нема воздржани, 6 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Повелете господине Макрадули имате збор.

**Јани Макрадули:** Благодарам почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници.

За жал, сликата од досегашната работа на Собранието кога се зборува за важни теми се повторува и повторно сме сведоци на обид, се надевам обид за манипулирање на граѓаните изнесувајќи куп невистини во однос на денешната тема со минимум почит спрема личностите кои овде Комисијата за избори и именувања ги предложи не сакајќи да помислиме дека тие и како личности членовите на нивните семејства ја гледаат оваа наша дебата и несакајќи да им ја дадеме поддршката на Државната изборна комисија пред започнување на нивната работа штитејќи ги институциите на државата, штитејќи ја и оваа институција онака како што сакаме да ја чуваме институцијата пратеник и се бориме за неа.

За жал, и денешната дебата пред се околу амандманите од страна на малубројните членови на ВМРО-ДПМНЕ се покажа дека е алиби или однесувањето е алиби во однос на рејтингот на претстојните избори. Без разлика што целиот овој Изборен законик се оптовари со серија барања, прекини, недоаѓања, опструкции се со цел да се задоволат множество од дестина барања од страна на ВМРО-ДПМНЕ сепак и денеска наоѓаме или сме сведоци на опструкција од страна на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Би сакал да ве потсетам она што е јасно за СДСМ, СДСМ согласно Изборниот законик и согласно разговорите кои беа правени го прифати кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ за претседател на Државната изборна комисија и никогаш нема да влеземе во неговата биографија без разлика што во неговата биографија јаснос е гледа дека во 1999 година бил именуван од Собраниеот на функцијата заменик секретар. Без разлика што член на неговото потесно семејство е советник  на ВМРО-ДПМНЕ во општина Гази Баба и секретар на Унијата на млади сили. До колку е договорено меѓу сериозни политички партии, меѓу луѓе на крајот на краиштата,  ние тој предлог го прифаќаме онака како што беше договорено. За нас заменик секретар или човек што работи овде во службите е човек од државната администрација, бидејќи свеста кај сите граѓани е многу поголема од некои политички партии дека овие избори се значајни, дека тие професионално ќе си ја извршат својата задача.

Овие избори ќе се одржат по нов Изборен законик кодифициран онака како што бараше ОБСЕ и ОДХР во Република Македонија. До сега кога зборуваме за политички искуство во десетина изборни циклуси околу 300 иљади луѓе беа вовлечени во избирачките одбори како претставници на политичките партии, бидејќи таков беше Изборниот законик. Без разлика дали тоа членови на општинските изборни органи или судии во Државната изборна комисија кои ги предлагале некои политички партии, бидејќи таков беше Законот. Сега, ако 300 иљади луѓе сите ги оптоварите и оквалификувате како чисто партиски, тогаш не можеме да зборуваме за систем и не можеме да се враќаме назад. Најголем проблем е непознавањето на избирачкиот процес и она што се вика барање за професионализација. Се професионализира институцијата т.е. квалитативна разлика од она што вие го зборувате. Значи воведуваме со прв Изборен законик професионализација на Државната изборна комисија со професионалци внатре кои треба да работат не друга работа освен таа. Да бидат со мандат од 5 години во кои ќе си ги обавуваат функциите поврзани со надлежностите што сме ги дефинирале со Изборниот законик. За нив тогаш престанува цела политизација и тој работи во професионална функција на остварување на

надлежностите на Државната изборна комисија. Да не манипулираме или да не ги лажеме граѓаните сега сите се партиски освен нашиот што сме го избрале за заменик секретар и што син му е советник на политичка партија е, тој не е, сите други се и сите други не чинат, само нашите се експерти и професионалци. Тоа не е прв пат, така било секогаш.

Но, за жал, таа реторика не врви веќе и обид за манипулација не врви веќе.

Второ, да ве потсетам дека во членот 27 став 1 сите услови се исполнети за сите кандидати. Условите кои се бараат во членот 27 се исполнети. Тоа што вие не мислите дека адвокатурата што е уставна категорија по дефиниција влегува во политичкиот систем, тоа не е наш проблем, тоа јавноста ќе го вреднува и ќе го оквалификува и ќе знае

како вие ја сваќате политиката и како размислувате и како размислува една политичка партија што претендира да дојде на власт.

Уште еднаш ќе ве потсетам од писмото на Никола Груевски, Стојан Андов, Марјан Ѓорчев, Љубисав Иванов-Ѕинго и Аднан Ќахил. Во духот на разговорите за вас единствено барање беше, цитирам, согласно новонастанатата состојба и содржината на новопредложениот закон ги повлекуваме сите погоре наведени барања освен едно кое е најсуштинско за текот и квалитетот на изборниот процес, а тоа е составот на избирачките одбори. После прекин, се појави амандманот каде се дефинираше по еден претставник од опозицијата и позицијата, значи се задоволи тоа барање единствено кое го бараше ВМРО-ДПМНЕ, Либералната партија и Земјоделско Народната партија. Но, без разлика што тоа се прифати, другиот ден дојде ново барање за да се подигне степенот на несериозноста на политичката партија, тогаш повторно дојде барањето за прв човек на Државната изборна комисија кој овде се повлече, па сега повторно се појави и да резултира со меморандумот од ВМРО-ДПМНЕ со предлог на одредена личност која се направи во договор и тоа го виде целата македонска јавност.

Во интерес на компромис и наоѓање или создавање на најдобри услови од страна на парламентарното мнозинство и владеачките партии и претседателот на Владата на Република Македонија да се создадат услови сите чинители да бидат дел од овој процес.

Кога се прифати барањето за две третини да се гласаат членовите на Државната изборна комисија, тогаш вие не обвинивте дека сме блиски до едните, другите не обвинуваат дека сме блиски кога го прифативме овој предлог, но вистината е една СДСМ се направи во предвечерјето на овие избори да се создадат услови во кои ќе има врв или минимум на задоволство од сите политички партии кои претендираат да бидат субјекти во идниот парламент и кои претендираат да освојуваат гласови и со свои програми и проекти да се претставaт на граѓаните на Република Македонија.

Уште еднаш ќе го изразам моето разочарување дека без елементарно почитување кон личностите кои се предложени овде се однесуваме малограѓански, за жал морам да го употребам тој збор, ги навредуваме манипулирајќи со јавноста, изнесувајќи невистини кои сакаат да ги дискредитираат и личностите, но, пред се, институцијата ДИК на која ние треба да и го дадеме тој кредибилитет и со овие дискусии тука да им дадеме подршка и доверба на сите 7 члена без разлика кој како бил предложен и како стигнал до тоа место за да им дадеме можност да си ја работат својата работа професионално, одговорно и стручно, со оглед на своите квалитети, а не веднаш да фрламе дрвја и камења на луѓето и да го рушиме кредибилитетот на институцијата, а потоа сакаме тоа да се пренесе до општинските изборни комисии.

Пратеничката група на СДСМ ќе гласа за Одлуката на Комисијата за избори и именувања. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Три минути реплика за госпоѓа Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе, во интерес на јавноста, бидејќи му е многу јасно на господинот Макрадули и на службите околу него, на премиерот, што значи работно искуство во областа на изборниот и политичкиот систем и стеснетиот круг на можни кандидати за членови на ДИК, бидејќи многу се расправаше и во нивната политичка партија и во другите политички партии.

Сакам само да објаснам заради јавноста, до колку заборавил господинот Макрадули дека адвокатурата не е во политички систем уште од 1990 година. До 1990 година адвокатурата беше дел од политичкиот систем. Од 1990 година наваму со новиот Устав има сосема друга уставна поставеност. Таа е дефинирана како самостојна јавна служба за пружање правна помош и токму заради тоа политичкиот систем е дел од законодавната и извршната власт. Адвокатурата ниту е дел од законодавната ниту од извршната власт и заради тоа не треба да зборувате вакви невистини. Порано до 1990 година министерот за правда ја одредуваше адвокатската тарифа, даваше согласност за статути и токму заради тоа после 1990 година адвокатурата не е дел од политичкиот систем, бидејќи го променивме Уставот.

Од тие причини само луѓето кои имаа соодветно работно исксутво во оваа област, посебно професорите на Факултетот од областа на политички изборен систем доаѓаа во предвид и оние кои долги години работеле во изборите односно имале врска со изборите. И државната администрација која исто така се бавела со политички и изборен систем.

Затоа не е добро да манипулирате со јавноста и кажувате невистини дека вашите кандидати,

предложените кандидати адвокати имале право ако имаат искуство од областа на адвокатурата дека ги исполнуваат условите, дека имаат исксутво во политичкиот и изборниот систем.

Ако беше така тогаш ќе имаа можност скоро сите адвокати во Република Македонија кои беа заинтересирани, а кои имаа 8 години работно искуство да конкурираат односно да се јават на огласот, а не да биде стеснет овој круг на можни кандидати. Треба да си го препочитате Уставот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева,

Една минута контра реплика за господинот Макрадули.

**Јани Макрадули:** Очигледно познавањето на Уставот и познавањето на политичкиот систем е во некоја погорна година од вишиот степен и тука не можам да помогнам. Адвокатурата како самостојна и независна јавна служба, повторно ќе кажам, дефинирана во членот 53 од Уставот е во глава 3 за гаранции на основните слободи и права и заштитата на слободите и правата и гарантирањето е дел од политичкиот систем, но тоа е јасно веројатно на минимум милион граѓани во Република Македонија освен овде што сака да се изманипулира до крај. Јас го цитирам Уставот и ниту манипулирам, ниту кажувамне вистини.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Има збор пратеникот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Благодарам господине Најдовски.

Моето обраќање сакам да го поделам на два дела, ако може така да се каже.

Првиот дел е законската заснованост, процедурата и спроведувањето на таа процедура до финалниот резултат кој го имаме на оваа седница.

Вториот дел се политичките аспекти на она што се случува на денешната седница. Зборувам за изборот на ДИК како највисок изборен орган во Република Македонија за спроведување на сите видови избори.

Во членот 27 од Изборниот законик е наведено дека за претседател и членови на ДИК можат да бидат избрани лица кои ги исполнуваат условите, да е државјанин на Република Македонија, да има високо образование, најмалку 8 години работно искуство и да не е член на орган на политичка партија.

Понатаму ставот 2 од овој член вели дека Собранието го огласува изборот на претседателот на членовите на Државната изборна комисија во "Службен весник на Република Македонија" и во дневниот печат,огласот трае 8 дена од денот на објавувањето.

Понатаму Комисијата за избори и именувања на Собраниеот на Република Македонија подготвува предлог листа од пријавените кандидати и ја доставува до Собранието.

Од кандидатите на предлог листата политичките партии во опозиција предлагаат претседател на Државната изборна комисија, а партиите на власт предлагаат негов заменик.

Претседателот и членовите на Државната изборна комисија ги избира Собранието со 2/3 гласови од вкупниот број пратеници.

На претседателот и членовите на Државната изборна комисија од денот на изборот работниот однос им мирува.

Членот 29 кој директно се однесува на начинот на избор на Државната изборна комисија вели дека политичките партии, од членот 27 став 4, во опозиција и позиција предлагаат претседател и заменик претседател на Државната изборна комисија во рок од 5 дена по добивањето на известувањето од претседателот на Собранието.

До колку политичките партии не ги утврдат и не ги достават имињата на претседателот и заменик претседателот на Државната изборна комисија во рокот определен во ставот 1 од овој член, претседателот и заменик претседателот на Државната изборна комисија ги предлага Комисијата за прашања на изборите и именвуањата на Собранието.

Значи, ова се одредбите според кои, согласно и други одредби, со оглед на обврската согласно овој закон за 30%-тна застапеност на женскиот и машкиот пол во изборните органи. Значи, морало во рамките на составот на ДИК да се води сметка и за оваа одредба за половата застапеност. Тоа требаше да го почитува ова Собрание, тоа требаше да го почитува Комисијата за прашања на изборите и именвуањата на ова Собрание.

Меѓутоа, овде се појавуваат многу суштински проблеми кои дефинитивно зборуваат во која процедура се спроведува целиот избор.

На 14 април што значи денеска како пратеници, како членови на Македонскиот Парламент добивме допис од претседателот на Собранието на Република Македонија господинот Љупчо Јордановкси каде ни вели дека во прилог ни го доставува Предлогот за претседател на Државната изборна комисија доставен до него во законски предвидениот рок од политичките партии во опозицијата. Конкретно политичката партија ВМРО-ДПМНЕ.

Значи, самиот текст зборува дека не е почитуван оној дел од овој закон кој вели дека политичките партии, во множина, не една политичка партија, туку повеќе политички партии се тие кои требало да го предложат претседателот на Државната изборна комисија, а на него согласност да дадат политичките партии од позицијата.

Исто така заменик претседателот требало да го предложат политичките партии на власт, а политичките партии од опозицијата да бидат тие кои ќе дадат согласност за неговиот избор. Значи, ние во овој случај имаме ситуација во која добивме допис од претседтелот на ВМРО-ДПМНЕ господинот Никола Груевски кој што вели: Во законски предвидениот рок согласно

член 27 став 4 од Изборниот законик од предлог листата на кандидати за претседател и членови на Државната изборна комисија за претседател на Државната изборна комисија го предлагам лицето Јован Јосифовски од Скопје. Јас не знам која предлог листа ја имал во предвид, значи прво прашање, која предлог листа, затоа што ние како пратеници немаме добиено таква предлог листа од пријавените кандидати.

Втора работа, овде пишува: претседтел на ВМРО-ДПМНЕ, меѓутоа не пишува дека ова е дадено со согласност на претставниците од останатите политички партии кои што согласно Законикот кој што си го изгласаа се нарекоа опозициски.

Понатаму, на овој предлог, еве да одиме понатаму дека некој сака да го третира овој допис како допис кој што се однесува на целата опозиција наведена во овој Законик која што ја спомнав утврдена од СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ и останатите коалициони партнери, или од Коалицијата за подобра Македонија. Понатаму, требаше ние како пратеници да добиеме согласност согласно овој закон од страна на политичките партии на власт дека го прифаќаат овој кандидат. Каде е таа согласност? Таква согласност до денес, до овој момент ниту кај мене како пратеник, ниту кај било кој од вас како пратеници нема пристигнато. Ние не знаеме дали на овој предлог, бидејќи Комисијата за прашања на избори и именувања не може да биде претставник на политичките партии на власт. Таа е тело на ова Собрание. Нема согласност која што е предвидена согласно Законот. И обратно. Добивме допис од господинот претседател на СДСМ д-р Владо Бучковски кој што вели дека согласно вашиот допис имајќи го во предвид член 29 став 1 од Изборниот законик, ве известувам дека предлог на СДСМ за заменик на претседател на Државната изборна комисија е кандидатот Субхи Јакупи. Јас до сега не знаев дека заменик министерот за правда е кандидат на СДСМ. Затоа што во овој закон доколку ова е предлог на сите политички партии на власт, требаше да стои предлог од страна на партиите на власт и тој предлог требаше да го потпишат претставниците на СДСМ, ДУИ и ЛДП кои се партии на власт. Тоа го немаме. На овој предлог требаше да дадат согласност партиите од опозицијата. Таква согласност до денес немаме видено. Значи, ова што го зборувам само се потврдува дека институцијата Собрание на Република Македонија е целосно девалвирана во овој процес на избор на Државната изборна комисија. Ние како Парламент треба да бидеме само гласачка машина која што треба да го изгласа она што се договорило, дали во Клубот на пратеници, или во некои други простории надвор од овој Парламент. Затоа сметаме дека овој начин може да има некое логично оправдание само доколку има една цел, а таа цел е да се изолира партијата ВМРО-Народна партија, затоа што таа со најголем број пратеници како опозициона партија во овој Парламент може да дискутира и да прави проблеми во однос на начинот на избор на состав на Државната изборна комисија кој што од почеток го застапува како професионален, непристрасен, независен, самостоен орган кој што за пет години ќе може да ги спроведува, со мандат од пет години ќе може да ги спроведува сите видови избори во Република Македонија. Меѓутоа, сето ова не е проблем, ниту за Комисијата за прашања на избори и именувања на ова Собрание, ниту за претставниците на власта, ниту за претставниците на опозицијата од член 2 од овој Изборен законик. И затоа она што го слушаме денес во нивните дискусии, јас го сметам навистина за безначајна ситуација, затоа што на овој начин не се дискутира и не се избира Државна изборна комисија која што ќе истакнам по кој знае кој пат дека треба да биде оној орган во кој што треба да имаат несомнена доверба сите учесници во изборниот процес. Дали сметате дека во оваа Државна изборна комисија имаат доверба сите оние кои што ќе учествуваат на парламентарните избори 2006 година.

Понатаму, нарушување на огласот како начин на избор на претседател и заменик претседател на Државна изборна комисија и начленови на Државна изборна комисија преку договарање на личности уште пред истекот на рокот на огласувањето, на завршување на рокот на траењето на огласот. Само да ве потсетам, дека огласот траеше осум дена од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија и во дневните весници. Меѓутоа, од периодот на траењето на овој рок кој што е проблематичен од самиот почеток за што ќе зборувам малку покасно, се случија неколку ситуации.

Прво, сеуште рокот не беше завршен, а ние имавме преговори помеѓу претставникот на опозицијата од член 2 од овој Изборен законик и претседателот на СДСМ кој би можел да биде претседател на Државната изборна комисија, дали тоа е прифатливо, или не е прифатливо решение за едниот, или другиот. Ако е така, а така е, затоа што тоа беше јавно и сите тоа го видовме и ги видовме нивните изјави дека ги усогласиле личностите за избор на претседател и заменик претседател на Државната изборна комисија, тогаш се прашувам која е смислата на одлуката која што ја донесовме од страна на ова Собрание за огласување на избор на претседател и заменик претседател на Државната изборна комисија кога можевме да донесеме една одлука: се овластуваат лицата Владо Бучковски и Никола Груевски да го договорат претседателот на Државната изборна комисија. Немаме согласност од ДПА како најголема опозициона партија на Албанците, немаме согласност од Либералната партија, немаме согласност од ВМРО-Народна партија, имаме согласност од ВМРО-ДПМНЕ, немаме согласност од ДУИ, немаме согласност од ЛДП, имаме согласност од СДСМ. Ова значи само едно, договорот е направен помеѓу Владо

Бучковски и Никола Груевски и тој се реализира преку изборот на овој состав на Државната изборна комисија. Што требаше да следи после објавувањето на огласот? Требаше Комисијата за избори и именувања од пријавените кандидати да направи предлог-листа и да ја достави до опозицијата согласно член 29 од овој Закон. Предлог-листа никој од нас не виде, освен господинот Груевски, ако е доставена некаква предлог-листа до него. Тоа не знам?

Понатаму, од таа предлог-листа, значи предлог-листа значи од пријавените кандидати да се избере предлог. Затоа се вика предлог-листа. Тоа значи 7 члена колку што е бројот на членови на Државната изборна комисија. Од тие седум члена требаше опозицијата од член 2 од овој Законик да избере кандидат за претседател на Државната изборна комисија кој што би бил прифатлив за позицијата и обратно, заменик претседател прифатлив за опозицијата. А ние го слушнавме името, јас се извинувам што ја споменувам тука, бидејќи не е присутна госпоѓата Мирјана Најчевска, а таа не е пријавена на огласот за избор на претседател на Државната изборна комисија. Дали ова не значи директно дерогирање на позицијата Собрание на Република Македонија и од кого?

Понатаму, составот на Државната изборна комисија треба да биде професионален, непристрасен и тн. Имаме во него двајца заменици министри, еден генерален секретар на Собранието како и други политички предлози. Тоа не зборува за создавање на професионален, непристрасен и независен највисок изборен орган кој ќе работи согласно одредбите на Уставот и овој Изборен законик. После ова Државната изборна комисија, значи после формирањето ќе треба да утврди начин да донесе правилник за ждребувањем, она што зборувавме при донесувањето на овој Изборен законик со кој ќе ги утврди правилата за избор на општинските изборни комисии и на избирачките одбори. Не се сомневам дека тој правилник после ваквиот избор ќе биде исто така непристрасно направен како што е непристрсно направена и самата Државна изборна комисија. Потоа ова ќе продолжи со изборот на членови во избирачките одбори и сето тоа ќе биде покриено со тоа што Коалицијата за подобра Македонија и Коалицијата за Македонија заедно ќе добијат по еден член во избирачките одбори.

И на крајот на овој процес на формирање на изборните органи единствено ќе се загуби една работа, а тоа е довербата во нив.

Мора да се осврнам и на политичките причини за брзањето во изгласувањето на составот на Државната изборна комисија и на нарушувањето на огласот како начин за избор на членовите на Државната изборна комисија. Изборниот законик ако се сеќавате требаше да влезе во сила во рок од осум дена од неговото објавување. Со амандман на Законодавно-правната комисија Законот влезе во сила на 1 април и веднаш беше објавен огласот со закажување, ќе ве потсетам на најитната седница на ова Собрание. Огласот траеше 8 дена. Но, бидејќи дневните весници во кои Комисијата за прашања на изборите и именувањата немаше фактичка можност да го објави огласот во исто време со неговото објавување во Службен весник на Република Македонија рокот на огласот почна да се смета од денот на неговото објавување во Службен весник, но не и од денот на неговото објавување во дневните весници.

Ќе ве потсетам, сабота беше денот кога излезе во Службен весник, а денот вторник беше денот кога излезе во дневните весници, а рокот почна да се смета од саботата.

Потоа, по истекот на рокот на огласот и по сите договарања помеѓу политичките партии се создаде една ситуација во која што едни учесници во договарањата глумат изневерени невести, а други кобајаги се незадоволни од нивната недоследност во почитувањето на договореното. А сето ова е со медиумска поддршка дека доколку денес не се изгласа Државната изборна комисија се доведува под прашање датумот за одржување на изборите кој го прифатија и Груевски и Бучковски пред дипломатите пред се, а тоа е 5 јули. Се пуштаат информации дека СДСМ може да го преиспита својот став за избори на 5 јули, а ВМРО-ДПМНЕ кажува дека не на 5 јули, туку за него се прифатливи и предвремени избори, а од друга страна глуми незадоволство од составот на Државната изборна комисија кои истите тие го прифатија со кафе муабет на нивните водачи Бучковски и Груевски.

Целта на оваа игра е да се обвини ВМРО-Народна партија за кочничар на изборот на Државната изборна комисија и со тоа да создадат алиби за непочитувањето на она што го ветиле во однос на 5 јули како датум на избори. И роковите предвидени во Изборниот законик говорат дека уште при неговото поднесување од страна на Владата до ова Собрание договорот за член на опозицијата во изборните органи содржел и клаузула за 5 јули како датум на избори. И тогаш одеднаш ги снема прес конференциите на ВМРО-ДПМНЕ кои говореа за лошиот период за избори поради Светското фудбалско првенство, поради летниот период, поради годишните одмори. Така, со денешниот избор на Државната изборна комисија и со појаснувањето по однос на тој избор фактички се одредува и датумот на одржувањето на парламентарните избори 2006 година. Се реализира до крај договорот Бучковски-Груевски, се остварува задачата која им ја даде господинот Црвенковски во Охрид. Затоа, ВМРО-Народна партија смета дека овој избор претставува спој на манипулација која ја прави СДСМ и лагата со која настапува ВМРО-ДПМНЕ и сето со една цел, маргинализација на ВМРО-Народна партија како единствена опозициона демохристијанска десничарска партија која не е под контрола на владетелите со Република Македонија на нивната финансиска и медиумска моќ. Со

изборот на Државната изборна комисија ќе се распишат парламентарните избори, од овој момент ќе почнат да течат изборните рокови. Доколку изборите се распишат на 15 април, утре, или најдоцна во понеделник на 17 април до 23 април ќе треба да се достават податоци за вработените во државната и јавната администрација, до 28 април ќе треба да се формираат општинските изборни комисии, до 6 мај ќе се формираат избирачките одбори, околу 3 мај ќе се стави на увид избирачкиот список и тоа ќе трае до 18 мај. До 3 јуни ќе се заклучи избирачкиот список. Собирање на потписи за кандидатури на листи ќе се врши од 3 до 18 мај, до 13 јуни ќе се објават утврдените листи на кандидати, а 20 дена пред 5 јули т.е. од 15 јуни ќе започне изборната кампања. Ова е потврда дека уште при предлагањето на Изборниот законик ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ го имаа договорено изборниот тајминг. Се друго претставува само театар за занимација на македонските граѓани.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Господине Стојаноски, од вашата дискусија на забелешката за доставувањето на предлог листите од кандидатите од страна на Собранието и до вашата партија беше доставена листата, колку што сум јас информиран. Така што Собранието си ја исполнило својата законска обврска.

Има збор пратеникот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине потпретседателе, почитувани пратеници, Демократската унија за интеграција навистина и во текот на донесувањето на Изборниот законик и во текот на донесувањето на Законот за именувањето на кандидатите за членови на Државната изборна комисија се обиде и даде свој позитивен придонес, велам даде свој позитивен придонес од причина што ние ги прифативме сугестиите независно од тоа дали доаѓаат од опозицијата, или позицијата, сугестии кои беа во интерес на создавање на еден политички амбиент во државата за одржување на едни фер и демократски избори. Бидејќи секогаш сме ценеле и цениме дека ова е интерес на граѓаните на Република Македонија, и мислам дека овој амбиент, оваа клима е создадена овде кај нас. Така што во иднина останува политичките субјекти, учесниците во изборите независно дали се оние кои што учествуваат на директен, или индиректен начин на изборите, треба да го почитуваат новиот Изборен законик, треба да ги почитуваат сугестиите кои што ќе доаѓаат од Државната изборна комисија. И со ова мислам дека ние сите ќе придонесеме нашата држава да биде поблиску до она што е наше настојување и тежнеење, да биде поблиску до Европска унија и поблиску до НАТО и тн. Јас уште еднаш ќе кажам дека навистина јас ги поздравувам новите членови на Државната изборна комисија, ги поздравувам за смелоста што ја земаа првенствено да се кандидираат да бидат членови на оваа Комисија. Верувам дека нивната работа ќе ја вршат чесно и професионално со висока професионалност. Тоа и се бара од нив. Додека ние другите, се разбира треба да работиме во нашите партиски структури навистина интересот на граѓанинот да дојде во прв ред. Ние како Демократска унија за интеграција ќе го поддржиме составот на оваа Комисија, што значи ќе гласаме за овој предлог.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Лилјана Поповска.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници. Пратениците на ДОМ ќе го поддржат предлогот за избор на членови и претседател на Државната изборна комисија затоа што сметаме дека треба оваа процедура да се заврши на еден достоинствен начин и треба да им пријдеме со верба дека максимално професионално ќе си ја извршат својата работа. Да влеземе со еден позитивен пристап, да речам во оваа фаза од предизборниот процес. Инаку, жал ми е што овој процес некако многу се развлече и на некој многу чуден начин потрошивме многу, многу време сиве овие месеци. Мислам дека неоправдано колегите од владеачките партии сакаа можеби да го свртат вниманието од некои тековни настани кои што се случуваа.

**Слободан Најдовски:** Ве молам госпоѓа Поповска дискутирајте за Предлогот на Одлуката.

**Лилјана Поповска:** Да, господине потпретседателе токму тоа го правам.

**Слободан Најдовски:** Ве молам, бидејќи самите укажувате дека треба ова позитивно да го завршиме и ве молам дискутирајте за Предлогот.

**Лилјана Поповска:** Колега, токму тоа го правам потпретседателе. Значи, не спомнувам ништо, само велам дека ми е жал што се развлече овој процес, затоа што верувам дека на многу поедноставен начин можевме да нагаѓаме кога ќе бидат изборите, со која процедура, какви ќе бидат избирачките одбори и премногу некои нереалистични предлози да се обидуваме да ги подобруваме мислам дека ќе беше многу подобро доколку сите се насочевме на она што секој требаше да го прави.

Според мене тоа е колегите од владеачките партии и од Владата да се концентрираа на довршување на својата агенда во рамките на обврските на Владата, додека ...

**Слободан Најдовски:** Колешке по втор пат ве молам да дискутирате за одлуката.

**Лилјана Поповска:** Ама немојте. Токму за тоа завршувам. Токму за тоа потпретседателе.

Колегите од опозицијата да се насочат на подготовка за идните избори. Да работат на своите програми и да се подготват за идното практикување на власта.

Значи, мило ми е што конечно оваа фаза од предизборниот процес се завршува и верувам дека во следните фази ќе има помалку компликации и помазно и со повеќе коректен

однос и меѓусебно почитување ќе ги завршиме. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор Роза Топузова Каревска.

Повелете госпоѓо Топузова.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Сакам сосема накратко да го искажам ставот на Либерално демократската партија и очекувам, што е најважно, избраните членови на Државната изборна комисија за разлика од некои претставници на политичките партии во Парламентот ќе ја сватат одговорноста која ја имаат од денот на нивниот избор па до завршувањето не само на овие, туку и на другите изборни циклуси во кое време тие ќе бидат членови на Државната изборна комисија.

Особено одговорноста ќе биде поголема кај нив дотолку повеќе ако се има во предвид дека овие избори се пред се за Република Македонија и од нив зависи датумот на преговорите и судбината на Република Македонија.

Значи, токму поради тоа очекувам дека на крај на оваа пленарна седница ќе ги надминеме ситно партиските интереси и со чинот на гласањето ќе им дадеме поддршка на сите кандидати, затоа што тоа е многу важно не само за нас овде, најмалку за нас, туку пред се за граѓаните на Република Македонија.

Либерално демократската партија ќе го поддржи Предлогот за членовите на Државната изборна комисија. Благодарам.

(Со седницата продолжи да претседава господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија).

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Исмет Рамадани.

**Исмет Рамадани:** Благодарам господине претседателе.

И ние како политичка партија и како претставници на ПДП ќе ги поддржиме кандидатите предложени за Државната изборна комисија. Се разбира кога ја видовме листата на кандидатите односно тие кои конкурираа и се предложени во Собранието за да се изберат како членови на Државната изборна комисија имавме една дилема дали токму овој пат треба да има кандидати кои имаат едно педигре и една индивидуалност која ќе им одговореше на партиските притисоци.

Но, некогаш треба да се согласиме со фактот дека и кандидатите кои беа предложени беа кандидати кои во овој случај имаат и можност и шанса да бидат тие кои ќе го стекнат тоа што е индивидуално педигре, способност со самиот факт дека доколку опстојат како што треба и не паднат под влијание на евентуалните притисоци кои можат да им се јават од страна на разни партии или партии кои ги предлагаат овие членови тогаш се надеваме дека имаат можност и шанса, а ние како пратеници односно како Парламент да не им ја дадеме оваа можност. Јас се надевам дека дефинитивно ќе имаме една Државна изборна комисија која со организацијата на изборниот процес ќе се покаже за да имаме слободни демократски избори, се разбира со ангажман на сите тие кои се дел на изборниот процес и непосредно учествуваат во изборниот процес. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Силвана Бонева, повелете имате збор.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе,

Во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам 15 минути пауза за консултација за тоа како ќе гласаме за членовите на Државната изборна комисија.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева јас ќе дадам и онака пауза откако ќе заврши расправата. Јас не 15 минути, туку половина час за да имаме координација и тогаш ќе можете да се договорите како ќе гласате.

Бидејќи нема никој пријавен за збор, го заклучувам претресот по текст на Одлуката за избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија давам пауза од половина час и ги молам координаторите во Охридската сала да се сретнеме.

Ако вас ви требаат 10 минути за да заземете став, за 10 или 15 минути во Охридската сала да се сретнеме, а вие консултирајте се за тие ваши 15 минути. Значи, во 18,25 часот имаме средба на координаторите во Охридската сала. Еве ги вашите 15 минути госпоѓо Бонева.

(Пауза од 18,09 часот).

**(**По паузата седницата продолжи со работа во 18,45 часот)

Љуп**чо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Госпоѓо Бонева повелете , кажете го вашиот ставот во еднана или две минути.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседле.

Сосема накратко да го искажам ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ по однос на Предлог одлуката.

После цел ден расправа јасно е дека парламентарното мнозинство не сакаше да ја корегира Комисијата за ибор и именувања, бидејќи таа ја скрши процедурата и законските одредби. Имаме предлои за членови на ДИК што во спротивно на Законот имаме членови на политички партии, кои не ги исполнуваат законските услови.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева се договоривме само да го кажете вашиот став а не политички да . . .

**Силвана Бонева:** Претсседателе, ќе завршам за една минута.

Одговорноста за сето тоа е на партиите од парламентарното мнозинство. Меѓутоа, ние не сакаме да бидеме изговор на прартиите од парламентарното мнозинство за, евентуалното

можно плоронгирање на изборите и не сакаме да бидеме обвинувани дека ние сме причината ако се случи такво нешто. Токму затоа, убедени дека волјата на граѓаните во Република Македонија овој пат никој нема да успее да ја погази. Затоа ние ќе гласаме за оваа Предлог одлука. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓа Лалчевска, повелете кажете го вашиот став.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Либералната партија, со амандманите кои ги поднесовме на оваа Предлог одлука, сакавме само да сигнализираме дека одредени членови кои се предложени за избор на членови на ДИК, не се по мерка на Законот, меѓутоа и покрај тоа, со верба дека овој момент кога ќе се изгласа ДИК, ќе ги заборават своите партиски припадности и ќе бидат вистински професионалци на ДИК.

Ние ќе гласаме за оваа Комисија, со надеж дека изборите ќе бидат такви какви што сите очекуваме. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам,

Господине Трендафилов, една минута за вашиот став.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Јас ќе бидам исклучително краток во изјавата.

Гласањето на ВМРО-Народна партија и покрај сето шкрипење во овој политички договор кој е направен меѓу дел од опозицијата и СДСМ, е со една единствена цел , Парламентарните избори 2006 година да се одржат на 5 јули

Благодарам за вниманието.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам,

Нема повеќе искажувања на ставови. Со тоа и тој дел од расправата е затворен.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам сите пратнеици да влезат во салата. Исто така ја молам и пратеничката група на ДПА да влезе во салата.

Имаме информации дека ДПА не е присутна во Собранието.

Во салата се присутни 84 пратеници.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 84 пратеници, 80 гласаа, 80 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија.

Според тоа, констатирам дека за претседател на ДИК е избран Јован Јосифовски. За некогв заменик е избран Субхи Јакупи и за членови на ДИК се избрани Снежана Калеска, Иљаз Ибиши, Александар Новакоски, Александар Даштевски и Тања Алтанџиева.

На избраниот претседател, на неговиот заменик и на членовите на ДИК им го честитам изборот и им посакувам успех во работата.

Констатирам дека со изборот на заменик на претседател на ДИК, на господин Супхи Јакупи му престанува функцијата заменик на министер за правда.

Со изборот за член на ДИК, на госпоѓа Тања Алтанџиева и престанува функцијата заменик министер за локална самоуправа.

Со изборот на член на ДИК, на господин Александар Новаковски му престанува функцијата генералне секретар на Собранието на Република Македонија.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 133 седница на Собранието на Република Македонија и ви благодарам.

(Седницата заврши во 18,45 часот)